# Број 3

03.02.2025 година

Службен гласник на Општина Делчево

Излегува по потреба

Уредува

Одделение за правни и општи работи

февруари, 2025

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 03.02. 2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 43. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на 43. Седница одржана на **29.01. 2025 година** и тоа:

1. **Програма за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево за 2025 г.**
2. **Програма за култура на Општина Делчево за 2025 г.**
3. **Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025** г.
4. **Годишна програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2025 година;**
5. **Годишна програма за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025.**
6. **Одлука за усвојување на Елаборат за определување граници за заштитни зони на извориште – зафат на вода од акумулацијата „Лошана“, за водоснабдување на Делчево.**
7. **Одлука за усвојување на Елаборат за определување граници на заштитни зони на бунарите во Делчево и с.Тработивиште за водоснабдување во Општина Делчево.**
8. **Одлука за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево.**
9. **Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2025 г.**
10. **Заклучок за усвојување на Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден“ Делчево за 2024 г.;**
11. **Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа за 2025 на ЈЛБ „Илинден“;**
12. **Одлука за давање согласност на Ценовникот за користење на спортската сала во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево;**
13. **Одлука за давање согласност на Правилникот за користење на спортската сала во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево;**
14. **Мислење за Програмата за изведување еднодневна екскурзија низ Р.С.Македонија за учениците од III во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2024/2025 година;**
15. **Мислење за Програмата за изведување дводневна екскурзија низ Р.С. Македонија за учениците од VI одделение во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2024/2025 г.;**
16. **Мислење за Програмата за изведување тродневна екскурзија низ Р.С. Македонија за учениците од IX одделение во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за учебната 2024/2025 г.;**
17. **Мислење за Програмата за реализација на еднодневна научна екскурзија за ученици од III одделение во ООУ Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2024/2025 г.;**
18. **Мислење за Програмата за реализација на дводневна училишна екскурзија за учениците во VI одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2024/2025 г;**

19. **Мислење за Програмата за реализација на тридневна училишна екскурзија за учениците во IX одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за учебната 2024/2025 г.;**
20. **Заклучок за усвојување на Полугодишниот извештај за учебната 2024/2025 на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево;**
21. **Годишна програма за млади за 2025 на Општина Делчево;**
22. **Одлука за отстапување простор за формирање Младински центар во Општина Делчево;**
23. **Одлука за парична помош на Михаилова Галина од Делчево;**
24. **Одлука за парична помош на Драги Налбатски од с. Ѕвегор, Делчево;**
25. **Одлука за одобрување финансиски средства по Барање, на ЦО на црквата „Св. Кирил и Методиј“Делчево;**
26. **Одлука за парична помош на Масевска Елена;**
27. **Заклучок по Барање од Месна заедница с. Селник;**

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08-283/1**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**03.02. 2025 год.** **Градоначалник,**

**Делчево** **Горан Трајковски,с.р.**

1. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална смаоуправа („Службен Весник на РМ” бр. 5/02), член 14 став 1 и став 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените – пречистен текст („Службен Весник на РМ” бр.201/2015) и член 37 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево” бр. 15/2013), Советот на Општина Делчево, на 43 редовна Седница, одржана на ден 29. 01. 2025 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за еднакви можности на жените и мажите на Општина Делчево и работа на КЕМ**
**за 2025 година**

**I ВОВЕД**

1. **Појдовна основа на Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2025 на Општина Делчево**

Со оваа Програма се уредуваат основните и посебните мерки за воспоставување еднакви можности на жените и мажите, надлежностите, задачите и обврските на одговорните субјекти за обезбедување еднакви можности. Програмата го промовира принципот за воспоставување еднакви можности за жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната област, како и во другите области од општествениот живот. Воспоставувањето еднакви можности е обврска на целото општество и претставува отстранување на пречките за воспоставување и остварување еднаквост меѓу жените и мажите, преку превенција и отстранување на нееднаквиот третман на жените и мажите и воспоставување на услови за воведување на еднакво учество на жените и мажите во сите сфери на општествениот живот.

Прашањата за економската независност на жената, нејзиниот напредок во животот и кариерата и уривањето на стереотипите, се клучни моменти околу кои може да се концентрира борбата за родова еднаквост што мора да се направи не во натпревар, туку во заедничко партнерство помеѓу жените и мажите. Непобитен факт е дека мажите и жените се различни едни од други и меѓу нив постојат природни, биолошки разлики кои не можат да се надминат. Но, разликите кои ги наметнало општеството, стереотипите и општоприфатените родово - дискриминирачки модели, се тие што можат и треба да се намалат, изедначат, надминат.

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, функционира како постојано работно тело на Советот на Општина Делчево (во понатамошниот текст КЕМ).

Комисијата за еднакви можности на жените и мажите е формирана со цел да го промовира родовиот концепт на локално ниво и да го имплементира Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Делчево за 2025 година, има за цел да ја промовира и унапреди родовата еднаквост согласно Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ бр. 6/2012, 166/2014 и 150/2015) со кој се забранува и казнува секаков вид дискриминација врз основа на пол во јавниот и приватниот сектор во областа на вработувањето и трудот, образованието, социјалната сигурност, културата, спортот, односно во сите сфери на човековото живеење.

Воедно, со Програмата е предвидено организирање различни активности кои се од големо значење за граѓаните и за Општината со цел да се промовира и унапреди родовата еднаквост, граѓаните да се информираат и едуцираат за своите права и за тоа како да реагираат доколку се дискриминирани по основ на пол и други основи.

Општина Делчево ќе ја реализира Програмата во рамките на своите можности и расположливите средства во Буџетот на Општината за 2025 година за конкретните намени, во соработка со различни здруженија на граѓани и невладини организации кои работат во областа на родовата еднаквост. Програмата се донесува од страна на Советот на Општината и таа е документ, како и Стратегијата за родова еднаквост, на сите институции и граѓански организации и треба да им биде водилка во планирањето и реализирањето на нивните активности.

### 1.2 Оправданост / Законска основа

Родовата рамноправност во Република Северна Македонија, е загарантирана со Уставот од 1991 година и како фундаментално човеково право претставува една од најважните цели и приоритети за државата. Покрај Уставот, родовата рамноправност е предвидена и регулирана и во други законски прописи и меѓународни договори кои претставуваат составен дел од нашиот правен поредок :

- Декларација за правата на човекот (1948 год.)
- Меѓународна конвенција за политички права на жените – еднакви права за двата пола (1952 год.)
- CEDAW Конвенција на ООН- Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација на жената (1979 год.)
- Пекиншката декларација и платформата за акција –рамноправност , развој и мир (1995 год.)
- Европската повелба за еднаквост помеѓу мажите и жените (2006г.). Општина Делчево ја потпиша на 8 Март 2018 година

- Член 9, Устав на Република Македонија/ граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба;
- Истанбулската конвенција – конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство,
- Закон за еднакви можности на жените и мажите, пречистен текст / („Службен весник на РСМ“ бр. 201/2015)
- Закон за заштита од вознемирување на работно место / Службен весник на РСМ,бр. 2013
- Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство /Службен весник на РСМ 24/21
- Закон за спречување и заштита од дискриминација / Службен весник на РСМ 258/20
- Стратегијата за родова еднаквост на Р.С. Македонија
- Националниот план за акција за родова рамноправност

Оваа Програма е усогласена со националните законски и стратешки определби, како и со стратешките определби на Општина Делчево предвидени во Стратегијата за родова еднаквост на регионот Делчево, Берово и Пехчево за период 2023-2026, и Акцискиот план за имплементација на регионалната стратегија за родова еднаквост на Општина Делчево.

## II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на Општината заедно со Комисијата за родова рамноправност е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор, кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија. Општината во соработка со Комисијата има за цел да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националниот план за акција за родова рамноправност и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Делчево во рамки на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите за 2024 година се:

### 2.1 ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ НА ДЕЛУВАЊЕ

1. **Човекови права и родова еднаквост во рамки на подобластите: а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;**
2. **Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики;**
3. **Едукација и јакнење на капацитетите за родова еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население;**
4. **Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза.**
5. **Здравство**

## III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Општина Делчево одговорно и посветено работи на создавање еднакви можности на жените и на мажите во Општината и имплементација на надлежните законски одредби и пред сè на почитување на правата и на слободите, независно од полот. Во таа смисла, изминатиот период

Општина Делчево има донесено низа документи, анализи и локални програми во кои јасно е нотиран и имплементиран концептот на еднаквите можности. Меѓу другото, Општина Делчево ја донесе и втората „Стратегија за родова еднаквост на општините Делчево, Берово и Пехчево, за периодот 2023 – 2026 година со Акциски план кој се базира основа на претходната анализа на постигнувањата од актуелната Стратегија за РЕ 2020 – 2022.

Исто така, во текот на 2024 година, се изработи и Протокол за комуникација и еднакви можности помеѓу жените и мажите во Општина Делчево (08-1032/1 од 11.07.2024), документ кој има за цел да го олесни процесот на комуникацијата на одговорното лице- координатор/ка за еднакви можности со внатрешната јавност, како и со надворешната јавност со цел навремена и точна комуникација со сите засегнати страни, да се олесни процесот на собирање родово разделени податоци во насока на анализа и согледување на потребите на жените и на мажите во Општината и соодветна реакција од службите во Општината.

Институционалната рамка која се грижи за тоа е Комисијата за еднакви можности, како постојан орган со одлука на Советот и координатор(ка)ите за еднакви можности.

Во однос на **вклучување на родовите перспективи во главните текови и интегрирање на родовата перспектива** во секоја од програмите на општината (согласно член 4 став 1 точка 10 од Законот за еднакви можности на жените и мажите), Општина Делчево за 2025 подгови 10 програми кои се родово сензитивни и тоа:

1. Програма за еднакви можности
2. Програма за комуникација со јавност и промоција на Општина Делчево
3. Програма за работа на ОСБСП за 2025
4. Програма за образование на Општина Делчево
5. Програма за култура на Општина Делчево
6. Програма за спорт на Општина Делчево за 2025
7. Програма за соработка со граѓански сектор
8. Програма за социјална заштита
9. Програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево
10. Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево

Со изготвувањето на овие програми, за прв пат може да се констатира дека еднаквите можности се имплементирани во поголем дел од општинските програми и планови, а јазикот кој се користи во локалните документи е родово сензитивен и се користат родово разделени податоци за корисниците на програмата.

Општина Делчево редовно собира родово разделени статистички податоци од институциите во Делчево и ги користи при анализи за одредени состојби. Податоците се јавно објавени на веб-страницата https://www.delcevo.gov.mk/rodovo-razdvoeni-podatoci. За реализацијата на целта- родово одговорна општина, Општина Делчево соработува веќе 4 години со UN WOMEN со чија поддршка и реализираните обуки за надградба на капацитетите, Општина Делчево бележи резултати и успешно го имплементира родовиот аспект во своето работење.

**Промовирани добрите практики за креирање родово одговорни локални програми**- На работилницата посветена на размената на искуства и родово одговорно креирање политики и буџетирање која се одржа во Ресурсниот центар за родова еднаковст во Скопје, Општина

Делчево ги презентираше добрите практики за креирање родово одговорни локални програми. Во презентацијата беше направена анализа на досегашните напори за интегрирање на родовиот концепт во локалните планови и програми и беа детектирани слабите страни, но и предизвиците и обврските кои треба да се преземат наредниот период за конечна имплементација на родовиот концепт во целокупното работење на Општината и воведувањето родово одговорно буџетирање.
Работилницата беше во организација на МТСП и UN Women, а свои искуства и добри практики, како и проблеми во работењето споделија координаторите/ките за еднакви можности на жените и мажите од 22 единици за локална самоуправа (ЕЛС). Препораките кои произлегоа од дискусиите беа развиени заедно со МТСП и ќе бидат проследени со соодветни активности за застапување и унапредување на воспоставените практики кои произлегуваат од Законот за еднакви можности и Националната стратегија за родова еднаквост. За време на работилницата секоја општина разви план за менторство кој детално ги дефинира насоките и чекорите за интегрирање на родова перспектива во своите политики. Оваа активност е само една од низата кои следуваат во насока на зајакнување на локалните механизми за родова еднаковст и зајакнување на синергијата и соработката помеѓу сите засегнати страни.

Исто така, О. Делчево преку НВО ЖЕНА соработува и со донаторот „Квина тил квина“ за реализација на дел од активностите во Програмата, посебно во делот за родово базирано насилство, едукативни предавања од областа на здравството, мониторинг на програмите и сл. Организација ,,Жена” од Делчево во партнерство со ЛМС Делчево организираше едукативна работилница во рамки на одбележувањето на меѓународната кампања „16 дена активизам за борба против насилство врз жените“. На настанот присуствуваше и Никол Варнс, заменик-амбасадорка на САД во РСМ. Пред присутните свое излагање имаа и претставници на МВР, Локалното собрание на млади и лице од областа на Гешталт- терапијата. Актиностите во рамки на кампањата за спречување на семејното насилство продолжија со дебата на тема „Врсничко насилство и негово спречување“, каде учествуваа членови на дебатниот клуб од СОУ „М.М.Брицо“, ученици од основните училишта „Св. Климент Охридски“ и „Ванчо Прке“. Настанот беше во организација на Организацијата ЖЕНА со поддршка на КЕМ и Интерсекторското тело против семејно насилство на Општина Делчево.
**Одржана е јавна трибина** за значење на превентивните прегледи кај мажите во организација на КЕМ, Здружението „Бравура кооператива“ и Здружението за унапредување на машкото здравје „Филип Лукароски“ на кој учествуваа 20 граѓани од нив 6 беа мажи. На трибината беше промовиран и прирачникот за машко здравје, а гости предавачи беа Петра Лукароска, претседтаелка на Здружението „Филип Лукароски“, спец д-р Андријана Илиевска- Велковски, спец д-р Влатко Кузмановски, како и психологот Дејан Глинџарски.

### 3.2 Трендови
Уставот на Република Северна Македонија гарантира дека „граѓаните се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните се еднакви пред Уставот. Граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското

уверување; имотната и општествената положба според Уставот. Еднаквоста меѓу жените и мажите се смета за прашање на човековите права и предуслов и индикатор за одржлив развој на човекот во целина. Единиците на локалната самоуправа имаат активна улога во создавањето на еднакви можности за мажите и жените на локално ниво.Трендовите во државата и во општината се во насока на хармонизирање на законодавството со ЕУ и меѓународните стандарди. Исто така, еден од приоритетите е и воспоставување ефективен и ефикасен систем на постигнување родова еднаквост преку функционални механизми за поддршка на национално и на локално ниво, хармонизирани индикатори за мерење на прогресот на родовата еднаквост и обезбедена родово разделена статистика, примената на родово одговорно буџетирање при креирање на политиките и програмите, подигање на јавната свест за препознавање различни форми насилство врз жените и зајакнување на капацитетите на институциите при постапување за заштита на овие жртви, подобрување на степенот на родова еднаквост во приоритетни тематски области, односно во областа здравство, образование и вработување, негување/градење култура на еднакви можности и промоција на еднаков третман и недискриминација врз основа на пол.

## IV АКТИВНОСТИ

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1:** Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите: а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија;

**ЦЕЛ 1.1 Зголемено учество на жените во Советот и комисиите на општинината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции;**

Мерки:

- Унапредување на системот за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општината и институции основани и во надлежност од општината.
- Годишна презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Делчево

**ЦЕЛ 1.2: Зголемена доверба кај граѓаните во надлежните институции во однос на справување со родово базираното насилство;**

Мерки:

- Подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни;
- Обезбедување континуирано функционирање на сервис за бесплатна правна помош на жртвите на родово базирано насилство;
- Обезбедување просторија за 24h згрижување жртви од семејно насилство;
- Истражување на бројот на жртви од родово насилство.

**ЦЕЛ 1.3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од Општина Делчево;**

Мерки:

- Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД -фондовите;
- Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки;
- Здружување на производители и собирачи на производи преку детекција на заинтересирани страни и едукативни работилници.

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики**

**ЦЕЛ: 2.1 Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање локални јавни политики.**

Мерки:

- Обезбедување услови за активно работење на месните заедници во руралните средини, во кои ќе бидат вклучени повеќе жени и кои ќе придонесат за развој на руралните средини;
- Формирање повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини;
- Обезбедување јавен превоз од Делчево до селата и обратно.

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население**

**ЦЕЛ 3.1 Родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците**

- Едукација на вработените во локалните институции за навремено препознавање на формите на родово базирано насилство во општина Делчево;
- Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање личен пример и индиректна едукација на учениците.
- Едукативни предавања за мобилизација и активирање на момчињата за постигнување повисоки резултати во средното образование и поголем процент на добиени стипендии

**ЦЕЛ 3.2 Зајакната свест на граѓаните за родовата еднаквост**

- Подигнување на свеста за родовата еднаквост преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни

**ЦЕЛ 3.3 Функционалност на Комисијата за еднакви можности од Делчево,**

- Размена на информации и искуства со повеќе општини од државата, но и вмрежување со други од Европа и од Балканот, со цел споделување нивни искуства кои можеме да ги примениме во нашата општина;
- Поголема соработка на институциите на локално ниво со невладини организации. (Едукација, партнерски проекти, меѓугранична соработка, споделување знаења и искуства).
- Родова сензибилизација на општинските локални програми и политики

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза**

**ЦЕЛ 4.1 Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија**

Мерки:

- Едукативни работилници за подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис- секторот и индивидуални земјоделци

**ЦЕЛ 4.2 Зголемување на енергетската ефикасност и употребата на зелена енергија**

- Поставување фотоволтаици на јавните институции;
- Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни;

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5 : Здравство**

**ЦЕЛ 5.1 Подигање на свеста кај жените и мажите за контролирање на здравјето**

**Мерки:**

- Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата;
- Едукативни предавања за значењето на редовните здравствени прегледи кај жените и мажите;
- Прегледи кај мажите по 40-тата година (прегледи за простатата, тестиси и сл.)

**ЦЕЛ 5.2 Нега и грижа за стари и изнемоштени лица во домашни услови вклучувајќи стручни невработени лица од областа на здравството.**

Мерки:

- Продолжување на грижата кај стари и изнемоштени лица во домашни услови

**ЦЕЛ 5.3 Обезбедување гинеколошки преглед и мамографски (бесплатно) преглед на заинтересирани жени.**

Мерки:

- Обезбедување гинеколошки преглед и мамографски (бесплатен) преглед на заинтересирани жени;

- Едукативни работилници за значењето на редовните мамографски прегледи и гинеколошки прегледи;
- Обезбедување превоз за жените од одалечените места (рурални средини).

**АКЦИСКИ ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2024 ГОДИНА**

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Човекови права и родова еднаквост во рамки на под-областите а) политика, б) родово базирано насилство и в) економија**
**ЦЕЛ 1.1 Зголемено учество на жените во Советот и комисиите на Општинината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции**

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Унапредување на системот за собирање родово разделени податоци во сите области од работењето на општината и локални институции | **10.000 денари** | Буџет на Општината | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>ОУ и СОУ , ЈЛБ, ОУЈДГ и ЈКП | Број на креирани системи за дата база родово разделени податоци,<br>Број на објави на податоци на интернет- страницата на општината |
| Годишна презентација на релевантни наоди и параметри во однос на учеството на жените во Советот и комисиите на општината, во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институции во Делчево | **5.000 денари** | Буџет на општината | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности | Број/процент на жени/мажи во Советот, комисиите, управни и надзорни одбори,<br>Број на жени/мажи кои учествувале во подготовка на презентацијата,<br>Број на жени/мажи учесници на презентацијата |
| **ВКУПНО** | **15.000 денари** | | | |

**ЦЕЛ 1.2: Зголемување на довербата кај граѓаните во надлежните институции во однос на родово базирано насилство**

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организирање настани за подигнување на свеста за родово базирано насилство преку локални кампањи, трибини и учество на сите засегнати страни | **50.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на организирани настани<br>Број на жени/мажи учесници на настаните<br>Број на објави на медиумите |
| Отворање сервис за бесплатна правна и психосоцијална помош на жртвите на родово базирано насилство | **60.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО лиценцирање за услугата бесплатна правна и психо-социјална помош | Број на лиценцирани сервиси<br>Број на жени/мажи корисници на услугата |
| Обезбедување просторија за 24-часовно згрижување жртви од семејно насилство | **100.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на згрижени жени/мажи, деца |
| **ВКУПНО** | **210.000 денари** | | | |

**ЦЕЛ 1.3: Економско јакнење и повисок степен на искористување на економските права и можности на жените од општина Делчево**

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Афирмација на можностите за самовработување во областа на земјоделството, преку поттикнување на женското претприемништво и подобрување на информираноста и пристапот на жените до програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите | **24.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>ПЕ на МЗШВ | Број на одржани настани за афирмација,<br>Број на жени/мажи корисници на програмите на АФПЗРР и ИПАРД фондовите,<br>Број и посетеност на медиумските објави за настаните |
| Поддршка во подобрувањето на претприемничките вештини на млади, жени и ранливи групи за започнување сопствен бизнис и самобвработување преку обуки | **100.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>АВРМ | Број на одржани обуки<br>Број на жени/мажи учесници на обуките<br>Број на искористеност на мерките од АВРМ; жени/мажи<br>Број на отворени мали бизниси; жени/мажи |
| **ВКУПНО** | **124.000 денари** | | | |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Партиципација во креирање и имплементација на локални и јавни политики**

**ЦЕЛ: 2.1 Активација на локалните административни единици (месни и урбани заедници) заради создавање услови за учество на жените од маргинализираните групи и руралните средини во процеси за креирање и имплементирање локални јавни политики.**

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Активно работење на месните заедници во руралните средини во кои ќе бидат вклучени повеќе жени кои ќе придонесат за развој на руралните средини | **20.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>ПЕ на МЗШВ | Број на жени/мажи учесници на состаноците на УЗ/МЗ |
| Формирање повеќе клубови или здруженија во кои ќе бидат опфатени жени од руралните средини, но и од урбаните средини | **20.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>АВРМ | Број на клубови/ здруженија кои вклучиваат и/или работат со жени од руралните средини<br><br>Број на жени/мажи членови на клубовите/здруженијата |
| **ВКУПНО** | **40.000 денари** | | | |

**СРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Едукација и јакнење на капацитетите за родовата еднаквост и родова сензибилизација на КЕМ, локалните институции, граѓанското општество и целокупното население**

**ЦЕЛ 3.1 Родова сензибилизација на наставниот кадар и стручните служби од општинските основни и средни училишта заради личен пример и индиректна едукација на учениците**

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Со едукација до родова сензибилизација на наставниот кадар од општинските основни и средни училишта од регионот заради давање личен пример и индиректна едукација на учениците | **20.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>ООУ и СОУ | Број на жени/мажи учесници на едукациите |
| Едукативни предавања за мобилизација и активирање на момчињата за постигнување повисоки резултати во средното образование и поголем процент на добиени стипендии | **10.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>Советник во БРО | Број на девојчиња/момчиња учесници на едукациите<br><br>Број на стипендисти девојчиња/момчиња |
| Родова сензибилизација на локалните програми и политики | **10.000** | Буџет на Општина, донации | КЕМ, Општина Делчево-координатор за ЕМ | Бр на родово сензибилизирани програми |
| **ВКУПНО** | **40.000 денари** | | | |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 4: Вклучување на родовата перспектива во јавните политики кои се носат на локално ниво за ублажување на ефектите од климатските промени и енергетската криза**

**ЦЕЛ 4.1 Подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија**

| **Активност** | **Предвидени средства** | **Извор на средствата** | **Одговорни за имплементација** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|
| Едукативни работилници за подигање на свеста за намалување на загадувањето и начини на штедење на електрична енергија со учениците, бизнис секторот и индивидуални земјоделци | **30.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на одржани едукации/работилници<br>Број на жени/мажи учесници на едукациите |
| Поставување фотоволтаици на јавните институции | **/** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО<br>Локални институции | Одделение за урбанизам<br>КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО<br>Локални институции | Број на поставени фотоволтаици на јавните институции |
| Замена на уличните светилки со енергетско ефикасни | **/** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | Одделение за урбанизам<br>КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на поставени енергетско ефикасни светилки на најмалку 50% од мрежата за улично осветлување |
| **ВКУПНО** | **30.000 денари** | | | |

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 5: Здравство**

**ЦЕЛ 5.1 Подигање на свеста кај  жените и кај мажите за контролирање на здравјето**

| Активност | Предвидени средства | Извор на средствата | Одговорни за имплементација | Индикатори |
|---|---|---|---|---|
| Едуакција во основните и средните училишта за важноста на превенцијата на женското и машкото здравје | **50.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>НВО | Број на организирани настани<br>Број на жени/мажи учесници на настаните<br>Број на објави на медиумите |
| Здравствено-социјална грижа на стари лица во рурални населби и примена на телемедицина (иновативното решение и на дел од опремата наменета за далечинско следење на витални параметри кај претежно стари и изнемоштени лица кои живеат во оддалечени и рурални средини) | **10.000 денари** | Буџет на општината<br>Донации<br>Проектни активности на НВО | КЕМ Делчево<br>Координатор за еднакви можности<br>Матични лекари | Број на жени/мажи корисници на услугата<br><br>Број на матични лекари вклучени во испораката на услугата |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Едукативни предавање за подигање на свеста кај жените и мажите за редовни здравствени прегледи. | **10.000** | Буџет на Општина, донации | О.Делчево, НВО, КЕМ | Бр на одржани предавања, бр на учесници (м/ж) |
| **ВКУПНО** | **70.000 денари** | | | |

## VI Очекувани резултати

Со реализацијата на Програмата се очекува да се оствари основната цел на Програмата, а таа е: Општината заедно со Комисијата за родова еднаковст е да го промовира принципот за воспоставување еднакви можности на жените и мажите во сите сфери на јавниот, општествениот и приватниот сектор кој овозможува остварување на нивните права произлезени од законите на Р.С. Македонија. Општината во соработка со Комисијата да ја инкорпорираат родовата перспектива и еднаквите можности во локалната политика, да ја унапредат состојбата на жените на локално ниво и да ги реализираат стратешките цели на Националниот план за акција за родова рамноправност и на Законот за еднакви можности на жените и мажите.

## VII РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик**.** Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничко за сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност."

**Настани кои доведуваат до појава на ризици во реализација на Програмата се:**

**А) внатрешни влијанија**

-недонесување на Програмата

- намалување на буџетот за предвидените активности

-неажурна КЕМ

-отпор од општинските административни службеници за имплементација на родовите перспективи во локалните програми.

**Б) надворешни влијанија:**

- несоработка со НВО-секторот

-непостоење обуки за административни службеници за надградба на капацитетите за родови прашања

-несоработка со институциите за собирање статистички родови податоци

-здравствена и друг вид криза што ќе влијаат на реализација на наставните планови и програми.

## VIII ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ И РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2025 г.

Вкупната вредноста на Програмата изнесува **529.000 денари**. Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма ќе биде обезбедено од донации, проекти и средства од Буџетот на Општина Делчево .

За активностите од областите што не ги опфаќа Програмата, а кои со својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават дополнително во текот на 2025 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Делчево.

## IX СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Секоја стратегија, програма, план или политика изискува и примена на соодветни алатки/ методи на следење на реализацијата на документот. Имајќи ги предвид потребите дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на Програмата за еднакви можности за 2025 г. на Општина Делчево ќе се

врши секој месец во текот на годината од страна на раководителот на Одделението за општи и правни работи и советникот-координатор на еднакви можности.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени докуемнти на веб-страницата.

Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата која е систематска и целна проценка за тековни или завршени проекти, програми или стратегија, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста, ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. На крајот на имплементацијата на Програмата ќе се подготви и Извештај за реализација на Програмата кој ќе биде презентиран и даден на усвојување на Советот на Општина Делчево и согласно Законот за еднакви можности, Извештај се доставува и до МТСП.

**10. 1 План за мониторинг и евалуација на Програмата**

| **Индикатор** | **Извор на податоци** | **Метод на собирање податоци** | **Алатка** | **Фреквенција на обирање податоци** | Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|
| -Воведен систем за собирање родово разделени податоци.<br>-бр на жени во Советот и комисиите на општината,во управните одбори и извршните раководни позиции на локалните институц.<br>Број на организирани настани, Број на опфатени лица со кампањата.<br>И сл.ж<br>Бр.на донесени програми со родови перспективи,<br>Бр на одржани едукативни работилници на тема: зелена агенда, бр на присутни (м/ж).<br><br>Бр на опфатени стари и изнемоштени лица за здравствено-социјална грижа во рурални населби и примена на | Собрани родово разделени податоци.<br>-годишна презентација на податоци<br><br>-записи од одржани кампањи, трибини за родово базирано насилство,<br>-донесени локални програми на Советот-записници, одлуки<br>-записници, објави на медиуми. | Квалитативна, квантитатива и компаративна проценка на податоци. | Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани;<br>Мапирање резултати;<br>Дневна мониторинг алатка;<br>Упатство за набљудување. | Мониторинг-месечно<br>Евалуација-на крајот од годината | Секретар на Општина, Советник за образование, образовни институции во Делчево. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| телемедицина, бр на матични лекари кои се активни чинители во проектот и сл. | | | | | |

**XI ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Предлагач на Програмата е Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Делчево.

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за општи и правни работи при Општина Делчево, а надзорот на спроведувањето ќе го врши Комисијата за еднакви можности на жените и мажите.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-236/1**
**Од 29.01.2025 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**

2. Врз основа на член 22, став 1, точка 5 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 5/02 и„Сл. весник на РСМ“бр.84/20 и 202/24), член 7, точка 3 од Законот за култура („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 15, став 1 точка 5 и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 43-та Седница, одржана на 29.01.2025 година ја донесе следната

## ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2025

### I ВОВЕД

Со донесувањето на системските закони за локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општинитедобиваат и надлежностшто се однесува на задоволувањето на културните права и потреби на граѓаните. Општинскитекултурни активности и активностите на локалнитеустанови од областа на културата и здруженија на граѓани во непосреден контакт со граѓаните многу попрецизногиоткриваатнивнитекултурни потреби и формите за нивнозадоволување, со што го праваткултурниот живот во општинатапобогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен.

Во Општина Делчево активно функционираат неколку установи од областа на културата, како и здруженија на граѓани, па Програмата која со години наназад ја подготвува Комисијата за организирање настани и културни манифестации има за цел да ги обедини настаните од културата, да ја поттикнува соработката меѓу институциите и да донесе поголема вредност и значење на настаните во интерес на сите старосни групи граѓаниводејќи сметка за потребите и на жените и на мажите и на момчињата и на девојчињата.

Предмет на оваа Програма се настаните и активностите кои ќе се преземаат од Општина Делчево на полето култура во текот на 2025 година.

### 1.1 Појдовна основа на Програмата за одбележување настани и културни манифестации

- Врз основа на членот 22 став 5 од Законот залокална самоуправа („Сл. весник на РМ“бр 5/2002) во која се пропишани надлежностите на локалната самоуправа на полето на културата, во смисла институционална и финансискаподдршка на културните установи и проекти;негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и сличникултурни вредности;организирањетокултурни манифестации;поттикнувањеторазновиднispецифичниформи на творештво;

- член 15 точка 5 од Статутот на Општина Делчево ( „Сл. гласник“бројна Општина Делчево бр. 07-2791/1 од 2013))

- Законот за еднакви можности („Сл. весник“ бр. 201/15);

- Стратегија за родова еднаквост во регионот Делчево, Берово и Пехчево за периодот 2023/26;

- Правилникот за начинот, условите, кретириумите и постапката за доделувањенагради и признанија на ОпштинаДелчево (Службенгласник на ОпштинаДелчево 1/18 и 7/21);

- Правилникот за условите, начинот и постапката за доделување финансиска помош на спортски клубови, спортски здруженија, правни лица во областа на спортот и здруженија на граѓани ( Сл.гласник 2018 година).

- Правилник за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување еднократна парична помош (Сл гласник бр. 1/23).

**1.2 Целни групи и крајни корисници**

**Општо целни групи**

Програмата ги таргетира жените, мажите, момчињата и девојчињата од Општина Делчево. Преку активностите и проектите предвидени во Програмата се опфаќаат и граѓанските организации што придонесуваат во развојот на инклузивниот процес за вклученост во процесот на одлучување. Програмата предвидува и директна соработка со граѓанските организации, како и соработка, обединување и поддршка на сите локални институции кои работат на полето култура.

**Крајни корисници**

Жените и мажите, момчињата и девојчињата на Општина Делчево, авторите и авторките, артистите и артистките, уметниците од Делчево и од регионот.

**1.3 Програмата е флексибилен документ**

Програмата претставува рамка по која ќе се движи планирањето, организирањето на настаните и е флексибилен документ кој може да се надополнува со цел ефектна реализација и подобра понуда од областа на културата за граѓаните на Делчево. Воедно, во организацијата и реализацијата на Програмата активно учество ќе земат сите институции од областа на културата во Делчево, граѓански здруженија кои работат во областа култура и културното наследство, како и поединци истакнати културни работници кои се партнери во Програмата и членови на Комисијата за одбележување настани и клутурниманифестации во Општина Делчево.

**1.4 Одговорни за реализација на Програмата**

Одговорни за реализација на Програмата се: Одделението за општи и правни работи, Комисијата за организирање настани и културни манифестации во соработка со ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, КУД „Гоце Делчев“, ФГ „Копачка“, образовните институции во Општина Делчево и други институции и граѓански организации.

**II ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

**2.1 Општа цел на Програмата**

Да се обезбеди активен однос на Општина Делчево кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата и приближување на културата до сите жени, мажи, девојчиња и момчиња од Општина Делчево, а настаните и манифестациите од областа на културата се во функција на туристичка понуда од регионот.

**2.2 Специфични цели**

- Сочувување и афирмирање наматеријалното и духовнотокултурно наследствона Делчево;
- Сочувување и афирмирање накултурниот идентитет на ОпштинаДелчево;
- Презентирање и афирмирањетворции интерпретатори од областа на културата;
- Сочувување на континуитетот наодржување на традиционалниисториски и културно-уметнички манифестации;
- Реализирање манифестацииопрограми и проекти кои ѝ даваатпосебнообележје на ОпштинаДелчево;

- Создавањеуслови за гостувањеeминентниуметнициод РепубликаМакедонија истранство во ОпштинаДелчево;
- Унапредување на меѓународнатакултурнакомуникацијаврзреципрочна основа созбратименитеградови на ОпштинаДелчево;
- Остварување продуктивна соработкасо меѓународниасоцијации организации ифондации кои го помагаатразвојот на културатаво локалнитезаедници;
- Промоција и афирмација на Локалниот музеј на град Делчево „Пијанец“
- Инклузија на лица со посебни потреби во областа култура.

Програмата ќе се реализира и во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ од Делчево, ЈЛБ „Илинден“, здруженија на граѓани, Министерството за култура на РСМ и донатори.

**III АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА**

Правото на култура е човеково право утврдено во меѓународното право и во домашното право во РепубликаСеверна Македонија. Како и за другите права, така и за ова, стожерен принцип што се применува е принципот на еднаквост и недискриминација, како и принципот на учество/партиципативност.
3.1 Тргнувајќи од овие постулати, Општина Делчево вложува сериозни напори во обезбедување и реализација на настани од областа култура, како и за одбележување на историски значајни настани и настани кои ја чуваат традицијата. Во Делчево успешно работат две институции од областа на културата: НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и ЈЛБ „Илинден“ кои со своите активности и проекти го збогатуваат културниот живот на граѓаните и на граѓанките. Исто така, во своето поле на делување се истакнуваат две фолклорни друштва, како КУД „Гоце Делчев“ и ЗФГ „Копачка“ чии проекти се значителни за сочувување на фолклорот и на традицијата и промоција на живото културно наследство во државава и во светот. Самиот факт што традиционалното и старо оро „Копачка“ од с. Драмче е впишано на репрезентативната листа на УНЕСКО за заштитено светско културно нематеријално богатство, доаѓа и обврската на Општина Делчево за поддршка и промоција на работата на Здружението, но и постоењето на ова Здружение, значи квалитет повеќе во понудата на Општина Делчево во областа култура.

Општина Делчево им овозможува на фолклорните друштва бесплатно да ја користат салата и фоајето АСНОМ за редовни проби и за настани кои се во нивна организација. Воедно, Општина Делчево е редовен партнер во реализацијата на проектите кои се финансирани од Министерството за култура и други донатори, а се носители здруженијата на граѓани кои делуваат во областа култура, како што беше: Одбележувањето на 50 години од постоењето на КУД „Гоце Делчев“, годишнини и други проекти од ЗФГ „Копачка“ и сл.

**3.2 НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“**е институција чија основна дејност е од од областа на културата и од национален интерес. Во институцијата се вработени 10 лица од нив 2 се жени. Во рамките на Центарот успешно работат Женската пејачка група „Ѓурѓа“, ФГ „Н.Ј.Вапцаров“ и Ликовното студио „Белогаски“. Нивните настапи во земјава и во странство, како и репертоарот кој е атрактивен и привлекува внимание, е готов производ кој секогаш е во функција на збогатување на Програмата за култура на Општина Делчево. Во текот на 2024 година, со поддршка на Министерството за култура се реализирани 22 настани. Позначајни настани по области се следните:

- **Од областа на музичко-сценска и фолклорна дејност:** Завршен концерт 15 години Јубилеј од постоењето на Фолклорната група при НУЦК,,НиколаЈонков Вапцаров “ Делчево; Фолклорна работилница 2024; Концерти на класична музика;-Зимска работилница по пијано и пеење „Фати го ритмот“;

- **Од областа на манифестации и фестивали:**Литературна поетска работилница; Вапцарови бранувања; Меѓународен фестивал на хумор, сатира и карикатура 2024;
- **Од областа на визуелни уметности:**-Ликовна работилница за деца со посебни потреби 2024.

**3.3 Јавната локална библиотека „Илинден**" со своите активности е активен чинител во културата во Делчево и дава значаен придонес во збогатување на културната понуда и во анимација на најмладите за почитување на пишаниот збор и промоција на литературното творештво, но зема и активно учество во реализацијата на Програмата за култура на Општина Делчево.Програмата за работа на ЈЛБ„Илинден" за 2024 год. се темели на задачите и обврските дефинирани во Законот за библиотечна дејност.Таа содржи конкретни задачи чијашто реализација обезбедува континуитет и развој на дејноста на библиотеката.
Во текот на 2024 година, ЈЛБ „Илинден" реализираше 70 настани. Од нив издвојуваме: Одржан натпреварот по краснопис во организација на ЈЛБ„Илинден"-Делчево и двете основни училишта во градот. Се натпреваруваат 73 ученици од III, IV и V одделение. Од нив 16 се момчиња, а 57 девојчиња; Активност по повод Месецот на книгата Октомври: на жените кои преживеале семејно насилство и се згришени во регионалниот шелтер центар, ЈЛБ „Илинден" подари наслови од женски македонски авторки; воведена е нова услуга: љубителите на пишаниот збор кои од какви било причини не се мобилни и не можат да стигнат до библиотека за да набават наслови, бараната книга ќе им биде донесена во домашни услови од страна на претставник од библиотеката; креирана топ 5 листа на мажи кои се најредовни читатели и доделени награди; „Делчево – нашата визија за иднината", беше темата на литературниот конкурс кој го распишаа ЈЛБ „Илинден"-Делчево заедно со ООУ „Ванчо Прке" и ООУ „Св.Климент Охридски". Конкурсот е распишан во рамки на одбележувањето на 7-ми Септември, денот на ослободувањето на Делчево. Промоција на нови дела: „Патот до вистината" од роднокрајниот автор Душко Ивановски и „Пресек" од Маја Трајковиќ, прва автобиографска книга посветена на жените со рак на дојка; Одржани летни работилници „Лето убаво" на кои учество зедоа стотина ученици од основните училишта; Промовиран прирачникот за машкото здравје „Фокусирај се на себе, за себе" од Здружението „Филип Лукаороски". Целта е подигање на јавната свест за превенција и раното откривање на болестите и грижата за машкото здравје; По повод Денот на жената, ЈЛБ ги награди најредовните жени читателки на различна возраст; максимална анимација на најмладите ученици со цел градење на љубовта кон библиотеката од најмали нозе.
Во библиотека се активни 879 членови, од кои 661 жени, а 218 мажи.Вработени се 9 лица (мажи 1, жени 8).
3.4 Општина Делчево преку Одделението за општи и правни работи и Комисијата за организирање настани и културни манифестации ја подготвува,ја донесува и ја реализира годишната програма. Самиот состав на Комисијата која брои 9 членови, обединува општински институции, како од областа на образованието, од областа на културата и,секако, од административните службеници од Општината. Овој факт дава придонес во обединувањето на настаните од културата и нивното спорведување под заеднички именител-програма на Општина Делчево.

Во текот на 2024 година, а согласно со Програма за култура, значајни активности и настани беа организирани по повод 80 години од ослободувањето на Делчево, а во реализацијата на концертите со познати македонски артисти, концерт на „Нокаут" и на Симон Трпчевски, проект „Македонисимо" беше обезбедена дополнителна поддршка од бизнис-заедницата. Од Програмата се реализирани настаните согласно со Календарот на настани кој е составен дел на Програмата. Сепак и оваа година поради опасноста од шумски пожари и забраната за движење во шума, традиционалниот фолклорен фестивал „Голачки фолклорни средби" не се одржаа на планираната локација врвот Чавка на планината Голак, туку фестивалот се одржа на летната сцена во Делчево, а

поради слабиот интерес на овоштарите-сливарите, не се организираше манифестацијата „Пијанечки денови на сливата“.

Реализацијата и на оваа Програма за 2024 година покажа дека интересот на публиката е многу голем, а со тоа и посетеноста, на настани и концерти на познати артисти, како што беа концертите на „Нокаут“ и „Македонисимо“ при што во Делчево беше голема посетеноста и на гости од соседните општини и од соседна Бугарија. Но, концертите од класична музика, ликовни изложби и сл. имаат слаба посетеност.

## IV Трендови во културата

Според новите концепции културата се третира како развој. За да може културата да го облагородува и да го подига квалитетот на живот, за да биде елемент и орудие на општествениот развој, неопходно е самата постојано да се ревитализира и да се развива, за да може да обезбеди духовна и економска репродукција. Културата и творештвото не можат во целост да ја обезбедуваат својата економска репродукција на пазарот. Прво, заради тоа што голем број културни дејности (заштита на споменициte на културата, библиотекарство, кинотична и музејска дејност) по својата природа се непрофитни и второ, нашиот пазар е мал и ограничен и не може од продажба на културни производи да се оствари доволен профит кој би ја обезбедувал економската репродукција на културата.

Искористувањето на културата како ресурс за развој, претпоставува дека таа нема да се однесува само на интимниот свет на уметноста. Културата, како начин на живеење, е и човеков однос кон другите, кон животната околина и кон природата. Брзите промени предизвикани од научно-технолошката револуција и од индустријализацијата, потоа непромислената урбанизација и демографските промени, како и неконтролираното искористување на природните богатства, доведе до ерозија на животната средина.

Проширувањето на подрачјето на културата ќе се одвива и низ развојот на културниот туризам. Со културниот туризам се афирмира и промовира културното наследство на домашната и на странската публика, а поврзувајќи се со една економска дејност, културата ќе остварува финансиска добивка, ќе се потпомага себеси и својот развој, а ќе се остварува и меѓународната афирмација на земјата и општината. Ќе се создадат услови кои ќе го олеснат социо-економскиот развој на нашата општина, преку искористување на културното наследство, а ќе се создадат економски гранки кои ќе се базираат на културата, ќе се зголеми ефикасноста на локалната власт – општината во управувањето со културното богатство, преку воспоставување заеднички активности, здружување и партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор, што ќе создаде соодветни локални и развојни стратегии, развивање менаџмент на локално ниво, подобрување на состојбата и презентацијата на културата и културното богатство.

Економската основа и материјалните претпоставки на културниот развој ќе се прошируваат и со обезбедување вонбуџетски извори на финансирање: успешни домашни и странски компании, меѓународни фондации што финансираат културни проекти, спонзорства.

## V ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

Општина Делчево со оваа Програма ќе поддржи манифестации и проекти кои се во функција на развој, промоција и афирмација на културата во општината, поделени во 5 категории чиј содржински концепт е во следниве дејности и области:

- музичка и музичко – сценска дејност
- манифестации и фестивали од обласа на културата
- ликовна уметност
- визуелни уметности

- видео, фото, филмска уметност
- интердисциплинарни проекти
- литература
- фолклор
-музејска дејност

**5.1 Поддршка на здруженија од областа на културата за бесплатно користење на фоајето и салата во Спомен-дом АСНОМ за проби и настани**

Општина Делчево овозможува користење на фоајето и салата во Спомен-дом АСНОМ, како и на летната сцена за потребите на делчевските здруженија на граѓани од областа на културата со цел одржување редовни проби, организирање најразличен вид настани за потребите на здруженијата.

**5.2 Обичај под маски Сурова во с. Ѕвегор**

Општина Делчево дава поддршка за реализација на традиционалниот обичај под маски „Сурова" во делчевски Ѕвегор. Целта е овој обичај да се промовира, да се спакува како туристичка понуда од Општината, но и почитување на живото културно наследство во Пијанец. Поддршката се дава согласно со Правилникот за начинот условите за доделување еднократна паришна помош во делот за урбани и месни заедници и согласно со оваа Програма.

**Активности:**

- Изработка на плакати;

-Поддршка за набавка нови маски и организација за свечениот ручек на учесниците на настанот.

**Учесници:**

- Локална група-суроваскари
- Групи под маски од соседните држави
- Жители на с. Ѕвегор и Делчево
- гости

**Локација-** село Ѕвегор

**Датум: 14 јануари- ден Василица**

**5.3 Водици**

По повод верскиот празник „Водици" и традиционалното осветување на водите на река Брегалница, традиционално се организира свечен настан во организација на Делчевско-каменичката епархија покрај реката Брегалница во центарот на Делчево. Настанот собира илјадници луѓе, а традиционално по светиот крст се фрлаат во река триесетина момчиња. Согласно Правилникот за доделување награди и признанија, градоначалникот доделува 10.000 денари за највештиот фаќач на светиот крст.

**Учесници:** претставници од Општина Делчево, граѓани на Делчево

**Место на настанот**мост на река Брегалница во центарот на Делчево

**Датум** 19.01.2025

**5.4 Одбележување годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер и идеолог Гоце Делчев- патрон на Делчево**

По поводденот на раѓањето на македонскиот великан Гоце Делчев, патрон на Делчево, Општина Делчево ќе организира настани со кои ќе се оддаде почит кон ликот и делото на великанот Делчев.

**Датум : 4 февруари, ден на раѓањето на Гоце Делчев**

**Активности по повод 4 февруари, ден на раѓањето на Гоце Делчев**

-Полагање свежо цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на Делчево по повод годишнина од раѓањето на македонскиот револуционер Гоце Делчев;
-Реферат во чест на Гоце Делчев-подготвен од КУД „Гоце Делчев“;
**Учесници на настанот**: претставници од Локалната самоуправа, Совет на Општина Делчево, претставници на политички партии, институции, здруженија на граѓани;
**Место на настанот**: споменик на Гоце Делчев во центарот на градот Делчево/ Спомен-дом АСНОМ
**Полагање свежо цвеќе пред гробот на Гоце Делчев во црквата „Св. Спас“ во Скопје**
**Учесници:** Делегација од Општина Делчево
**Место на настанот:** црква „Св. Спас“ во Скопје

**5.5 Февруарски поход**

По повод одбележување годишнина од тактичко-оперативните дејства на Народноослободителната војска на Македонија познати како Февруарски поход, а спроведени на територијата на источна, централна и западнаМакедонија, опфаќајки ја и планината Голак, како стратешка позиција, Општина Делчево традиционално организира настан со кој оддава почит и признание за жртвата на храбрите борци и нивното наследство потенцирајќи го успешнотоизведување на Февруарскиот поход кое имало големо политичко и воензначење за НОВ во Македонија,воопшто.

**Датум: Февруари, втората половина од месецот**
**Одбележување 80години од Февруарскиот поход**

**Активности по повод одбележување годишнина од Февруарскиот поход:**

- Планинарски марш „По врвиците на Февруарскиот поход на Голак“
- Полагање свежо цвеќе пред спомен-плочата поставена на Голак
- Реферат за улогата и значењето на Февруарскиот поход
- Доделување благодарници за учество на планинарскиот марш;

**Опис:** По повод Февруарскиот поход, Општина Делчево традиционално организира планинарски марш „По врвиците на Февруарскиот поход“ на која учество земаат планинарски друштва од регионот, како и претставници на институции, здруженија на граѓани и физички лица од Делчево и од соседните општини. Пред спомен-плочата поставена на планината Голак, се оддава почит на загинатите борци.

**Учесници**

- Претставници на Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, институции, здруженија на граѓани, граѓани.

**Место на настанот-** Спомен-плоча на планината Голак

**5.6 Априлијада**

Традиционално на 1 април на меѓународниот ден на шегата, Општина Делчево во партнерство со образовните институции од градот и детската градинка, организира дефиле под маски.Настанот има ревијален карактер.

**Датум 1 април**

**Активности**

-организирање дефиле низ улиците во центарот на градот
- на летната сцена настап на групните и поединечните маски
-обезбедување озвучување и забава на отворено

**Учесници**– ученици од образовните институции од градот и децата од детската градинка „Весели цветови“

**Место на настанот пред летната сцена**

**5.7 Меѓународен ден на Ромите, 8 Април**

**Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април е** ден со кој се прославува ромската култура, но и се подига свеста за проблемите со кои се соочуваат Ромите. Денот službено бил прогласен во 1990 година, а Општина Делчево во соработка со граѓанските здруженија традиционално организира

настани во чест на празникот на Ромите. Целта на настаните организирани по повод 8 Април е подигнување на свесноста и потсетување на долгогодишната борба за подобар и подостоинствен живот на Ромите.

**Датум: 8 Април**

**Активности:**

**-** Свечен прием на делегација кај градоначалникот наОпштна Делчево
- Истакнување на ромското и македонскот знаме пред Општина Делчево поповод празникот
-Литературен конкурс за творби
-Дебата помеѓу средношколци на актуелни тема
- Свечена академија

**Учесници :** Претставници од Општина Делчево, Совет на Општина Делчево, ЈЛБ „Илинден“, НВО КХАМ, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“СОУ „М.М.Брицо“; гости: претставници од Владата на РСМ, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, локални институции, фирми и граѓани на Делчево, ученици, кутурно уметнички друштва, музички бендови...

**Место на настанот :** Општина Делчево, Спомен- дом АСНОМ

## 5.8 Велигденска изложба

**Датум: Велики четврток**

По повод големиот верски празник Велигден, Општина Делчево традиционално организира „Велигденска изложба“ на која се анимираат за учество училишта, институции, здруженија на граѓани, граѓани. Со цел да се поттикне креативноста на учениците и, воопшто, на учесниците, Општина Делчево доделува три награди на најдобрите декорации. Оценувањето го врши Комисија избрана од Комисијата за организирање културни настани и манифестации. Комисијата доставува предлог за доделување награди до градоначалникот на Општината врз чија основа, градоначалникот доделува решенија за награди. Настанот има продажено-хуманитарен карактер.

**Активности**

- Избор на најубави велигденски декорации(обоени јајца, цртежи, велигденски декорации на штанд);
- Доделување награди на најдобрите декорации;
- Доделување благодарници на учесниците;
- Хуманитарна продажба на велигденските изработки на штандовите од учесниците;
- Обезбедување озвучување и водител на програма;
- Формирање Комисија за оценување на штандовите за награди;
- Соопштение до медиумите за настанот.
- Информација за настанот до медиумите.

**Учесници**

**-**Училишта, градинка, институции, здруженија на граѓани, заинтересирани граѓани.

**Место на настанот**

**-**Летна сценапред Спомен-дом АСНОМ/фоаје на Спомен –дом АСНОМ.

## 5.9 Одбележување годишнина од убиството на Гоце Делчев

**Датум 4 мај**

По повод 4 мај, ден на убиствотона револуционерот Гоце Делчев, 4 мај, Општина Делчево организира настан пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот.

**Активности**

- Положување букети свежо цвеќе пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на Делчево;
- Реферат за ликот и делото на Гоце Делчев, подготвен од КУД „Гоце Делчев“;

**Учесници**

- Претставници од Општина Делчево, претставници од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, институции и здруженија на граѓани.

**Место**

**-**Пред споменикот на Гоце Делчев во центарот на градот

**Делегација од Општина Делчево во црквата „СвСпас“во Скопје**

**Активност**

Полагање свежо цвеќе на гробот на Гоце Делчев во црквата „Свети Спас“во Скопје.

**Учесници:** делегација од Општина Делчево

**Локација**: гробот на Гоце Делчев , црква „Св.Спас“ Скопје

### 5.10 Одбележување на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа

**Датум** 9 Мај

По повод 9 Мај, Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, Општина Делчево организира пригодна свеченост со цел одбележување на двата значајни настани од поновата историја.

**Активности по повод Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа**

**-**Полагање свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во центарот на Делчево;

-Реферат**;**

**-**дебати организирани од Советот на млади/ученички парламенти

**Учесници:** претставници од Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, политички партии, граѓански организации, институции, КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, образовни институции.

**Локација:** Споменик на паднатите борци во центарот на градот.

### 5.11 Одбележување годишнина од Разловечкото востание

**Датум 20 мај (или викенд во втората половина од мај)**

Општина Делчево традиционално организира настан во селото Разловци со цел да се одбележи значајниот датум од предилинденскиот период и од првото вооружено Востание на македонскиот народ кое било организирано од локалните жители на 20 мај 1876 година.

**Активности:**

-Организирање планинарски марш „Разловечко востание“;

-Изложба во спомен –домот „Разловечко востание“ во Разловци;

-Положување свежо цвеќе пред спомен-плочата на Поп Стојан;

-Културно-уметничка програма;

-Реферат;

-Доделување благодарници на учесниците

-Ручек за гостите и планинарите.

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево, Советот на Општина Делчево, претставници од локални и национални институции и фирми, НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, претставници од политички партии, граѓански организации, планинарски друштва, соработници на Општина Делчево, граѓани на Општина Делчево и од селото Разловци, поканети гости од претставници од Владата на РМ, гости од соедни општини до Македонија и држави, медиуми.

**Локација**: дворот на црква „Св. цар Константин и царица Елена“и спомен-домот „Разловечко востание“ во с. Разловци.

### 5.12 Одбележување на 24 Мај-Денот на сесловенските просветители Кирил и Методиј

**Опис:**Општина Делчево го одбележува Денот на сесловенските просветители, светителите Кирил и Методиј, 24 Мај, како заштитници на градот Делчево. По тој повод, традиционално се

организираат низа настани од областа на културата

По тој повод, како град што ги слави солунските браќа како свои заштитници, Општина Делчево во својата Годишна програма за култура планира да организира повеќе манифестации со кои ќе се промовира и афирмира делото на сесловенските просветители:

- Организација на концерт (настап на хор, инструменталисти, артисти и сл).;
-Организација на изложба;
-Промоција на книги;
-Во соработка со Делчевско-каменичка епархија ќе се организира Света литија до црквата параклис „Свети Климент Охридски“.
- Пролетен концерт на КУД „Гоце Делчев“ по повод 80 години слободно Делчево и 50 години од формирањето на КУД „Гоце Делчев“

**Учесници: П**ретставници од Општина Делчево, членови на Советот на Општина Делчево, претставници од МПЦ-Македонско-каменичка епархија, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, научни работници од областа на историјата и филологијата, просветни работници, претставници од институции и фирми и членови на КУД „Гоце Делчев“.

**Место на настанот:** Спомен-дом АСНОМ

**5.13 Одбележување годишнина од Илинденското востание**

**Датум 2 Август**

Општина Делчево традиционално организира активности со цел достојно одбележување на годишнината од Илинденското востание.

**Активности:**

-Изработка на покани;
-Положување свежо цвеќе;
-Реферат;
-Поддршка на одбележувањата на Илинден во с. Ѕвегор (организација на културно-уметничка програма).

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево, Совет на Општина Делчево, претставници од политички партии и здруженија на граѓани, локални институции, фирми и граѓани на Делчево.

**Место:** Споменик на Гоце Делчев во центарот на градот и споменик на паднатите борци во центарот на градот; црквата „Св.Илија“ во с. Ѕвегор.

**5.14 Делчевско лето**

**Датум од 01.07. 2024 до 15.09. 2024**

Општина Делчево во текот на летниот период и во соработка со други институции, бизнис-заедницата, нво-секторот, надлежното Министерство за култура, институции и здруженија од областа на културата, ќе организира низа настани од областа на културата со цел да се збогати културната понуда во летниот период при што се очекува присуство на граѓани од Делчево, наши иселеници и граѓани од соседните општини.

**Активности:**

-организирање целовечерни концерти на познати музички ѕвезди од естрадата;
-организирање целовечерен концерт од областа на класичната музика;
-организирање концерти од областа на фолклорот;
-организирање изложби;
-организирање промоции на книги и други дела;

-поддршка на млади уметници и автори;
-изработка на покани;
-изработка на плакати;
-организирање летно кино;
-промоции на културно наследство;
-драмски претстави;
-обезбедување ручек и спиење за гостите.
**Учесници:** музички ѕвезди, музички состави, културно-уметнички друштва, поети, ликовни уметници, солисти, театри и сл.
**Место на настанот**: Летна сцена и Спомен-дом АСНОМ

**5.15 Голачки фолклорни средби**

**Датум 8 август**

Во пресрет на верскиот празник Свети Пантелејмон, Општина Делчево во соработка со НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ и Министерството за култура, ги организира традиционалните „Голачки фолклорни средби“ на летната сцена на врвот Чавка на планината Голак покрај манастирот посветен на Свети Панталејмон.

**Активности**

-Подготовка на покани и плакати;
-Покани до фолклорни друштва од земјава и странство;
-Информација до медиуми;
-Организација на превоз за фолклорните друштва и гостите;
-Озвучување
-Поставување тезги со храна и пијалоци, како и ракотворби
-Сместување на гостите од странство
-Угостителски услуги

**Учесници**

Домашни и странски фолклорни друштва, претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции, фирми, здруженија на граѓани и граѓани на Делчево и поширокиот регион.

**Место** Планина Голак, месност Чавка

**5.16 Одбележување годишнина од ослободувањето на Делчево**
**Одбележување  годишнина од независноста на Република Северна Македонија**

**Датум:**7 Септември, Ден на ослободување на Делчево и 8 Септември, Ден на независноста на Р. Македонија

**Активности:**

-полагање свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во центарот на градот;
-Свечена седница на Советот на Општина Делчево;
-прием на делегации кај градоначалникот;
-доделување награди и признанија на заслужни граѓани;
-коктел за гости;
-организирање културно-уметничка програма;
-организирање меѓународни спортски натпревари;
-промоција на авторски дела;

**Учесници:**

Претставници од Општина Делчево и Советот на Општина Делчево, претставници од локални инстутиции, политички партии, здруженија на граѓани, граѓани на Општина Делчево, поранешни градоначалници и претседатели на Советот и советници и др.

**Место: Спомен- дом АСНОМ**

**Споменик на паднатите борци-центар на Делчево**

## 5.17 Делчево-фест и Пијанечко-малешевска свадба

**Датум -првата сабота од септември**

Општина Делчево е партнер во традиционалната културна манифестација „Пијанечко-малешевска свадба“која е дел од меѓународниот фестивал „Делчево-фест“ во организација на КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, чија цел е сочувување од заборав на старите свадбарски обичаи и настан кој има регионално значење и е во насока на промоцијна на регионот, како и сочувување на традицијата и фолклорот.

Во 2024 г ќе се реализира 18-та по ред традиционална свадба.

**Активности:**

-организација и подготовка на традиционалната свадба;
-подготовка и дистрибуција на покани;
-обезбедување подарок за зетот и невестата на традиционалната свадба;
-прием кај градоначалникот на гостите и сватовите;
-ручек за сватовите и делегациите.
-фотографска и етнографска изложба
-семинар „фолклорот- сегашност и иднина“
-јубилеен концерт на КУД „Гоце Делчев“ (Концерт на пријателството - 40 години соработка на КУД„Гоце Делчев“ Делчево со ДК од Јагодина Република Србија и АНПТ Атанас Манчев од Бургас Република Бугарија)
- меѓународен фестивал ДЕЛЧЕВО-ФЕСТ

**Учесници**: КУД „Гоце Делчев“ од Делчево, културно-уметнички друштва од земјава и странство, делегации од соседните општини, претставници од Општина Делчево и Советот на Општина Делчево,заинтересирани граѓани, претставници на нво-секторот, бизнис-секторот и др.

**Место на настанот**: летна сцена пред спомен-домот АСНОМ

## 5.18 Денови на пијанечката слива

**Датум- средина на септември**

Општина Делчево традиционално го организира настанот „Пијанечки денови на сливата“ со цел промоција на сливата и преработки од сливата, како еден од најзастапените земјоделски производи кај нас.

**Активности:**

-подготовка на покани и плакати
-покани за учесници на настанот
-обезбедување штандови за учесниците за промоција на производи од слива
-награди за најдобро уредени штандови и производи
-награди за најдобра сливова ракија
-печатење промотивен материјал
-обезбедување озвучување
-благодарници за учесниците
-Вредноста на наградатаизнесува: - 4.000 денари за освоено прво место за највеселаракија; - 3.000 денари за освоено второ место за највеселаракија; - 3.000 денари за најсладокмармалад(слатко); 3.000 денари за најубавштанд.

**Учесници:**

Претставници од Општина Делчево и Совет на Општина Делчево, СОУ „М.М.Брицо“, ООУ „Ванчо Прке“, ООУ „Св.Климент Охридски“, детска градинка „Весели цветови“, ЈЛБ „Илинден“, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“,институции, здруженија на граѓани, земјоделски здруженија и поединци.

**Место на настанот:** пред спомен-дом АСНОМ

**5.19 Ден на Востанието на Република Северна Македонија и Ден на борецот**

**Датум 11 Октомври**

Општина Делчево традиционално го одбележува Денот на Востанието и Денот на борецот организирајќи пригодна програма.

**Активности:**

**-**покани за одбележување на настанот
-букети свежо цвеќе
-реферат за условите на изведување на Востанието и неговата улога во НОВ на македонскиот народ;
-концерт;
-изложба;

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции и здруженија на граѓани и членовите од КУД „Гоце Делчев“ и граѓани.

**Место:** Споменик на паднатите борци во центарот на градот

**5.20 Одбележување на Денот на македонската револуционерна борба**

**Датум** 23 Октомври

Општина Делчево со пригодни настани го одбележува 23 Октомври, Денот на револуционерната борба.

**Активности:**

**-**покани за одбележување на настанот
-букети свежо цвеќе
-реферат
-концерт
-изложба.

**Учесници:** Претставници од Општина Делчево и од Советот на Општина Делчево, претставници од политички партии, локални институции и здруженија на граѓани и членовите од КУД „Гоце Делчев“ и граѓани.

**Место:** Споменик на Гоце Делчев во центарот на градот

**5.21Новогодишна програма**

**Датум 20-12.- 15.01**

Традиционално, Општина Делчево организира настани по повод новогодишните празници**.**

**Активности:**

-новогодишна детска програма;
- новогодишни и божиќни концерти;
-ликовни изложби;
-драмски претстави;
-промоции.

**Локација**

Сала АСНОМ/ на отворено –божиќно село пред летната сцена

**Време на одржување**

20.12 до 15.01

## VI Акциски план за Програмата за 2025

| Активности | Цел | Индикатори | Одговорни лица | буџет | Временска рамка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1.Обичај под маски „Сурова“ | Сочувување, афирмација и промоција на живото културно наследство, вековниот обичај под маски „Сурова“што се одржува во с. Ѕвегор. Традицијата е врзана со верскиот празник Василица, 14 јануари | Бр. на учесници под маски<br>Објави во медиуми<br>Бр на посетители м/ж | Здружение на граѓани Ѕвегорскисурова скари, МЗ с. Ѕвегор, одговорни лица од О. Делчево | 10.000 ден | 14 јануари 2025 |
| 2. Водици | По повод верскиот празник Водици и осветување на водите на река Брегалница, Општина Делчево доделува еднократна парична помош на фаќачот на светиот крст | Бр на учесници на чинот на осветување на водите | Делчевско-каменичка епархија, Општина Делчево | 10.000 | 19.јануари 2025 |
| **3.** Одбележување годишнина од раѓањето на Гоце Делчев | Сочувување и оддавање почит кон ликот и делото на патронот на Делчево, Гоце Делчев по повод раѓањето на Делчево | Бр на учесници м/ж<br>Објави во медиуми | Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“ | 2.000 ден | 4 февруари 2025 |
| **4.**Одбележување годишнина од Февруарскиот поход | Оддавање почит кон делото на НОВ на Македонија и тактичко-оперативните дејства познати како Февруарски поход кои ја опфаѓаат и планината Голак во 1940 г. | Бр на учесници м/ж<br>објави во медиуми<br>учесници во планинарскиот марш м/ж | Општина Делчево, КУД „Гоце Делчев“ | 6.000 ден | Втората половина на месц февруари 2025 |
| 5.Априлијада | Активности по повод 1 Април, Ден на шегата со учество на ученици, дефиле под маски и сценско-музички настан под маски на летната сцена | Бр на учесници м/ж<br>Објави во медиуми | О. Делчево, училишта, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, детска градинка | | 1 април 2025 |
| **6.**Меѓународен ден на Ромите | По повод 8 Април Меѓународниот ден на Ромите се прославува ромска култура и традиција и се подига јавната свест за проблемите со кои се соочуваат Ромите за достоинствен живот. | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани<br>Објави на медиуми | О.Делчево<br>НВО, училишта | 10.000 | 8 Април 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7.Велигденска изложба | По повод големиот христијански празник традиционално се организира Велигденска изложба на творби на која се анимираат за учество учениците, граѓани, институции. Со цел да се пттикне креативноста, О. Делчево доделува три награди за најдобри креации | Бр.на учесници м/ж<br>Бр на доделени награди м/ж<br>Објави во медиуми | О.Делчево, НВО, училишта, НУЦ „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, детска градинка | 7.000 | Велигден 2025 |
| 8. одбележување на годишнината на смртта на Гоце Делчев | По повод 4 мај, Денот на убиството на патронот на Делчево, Гоце Делчев се организира настан пред споменикот на Делчев | Учесници на настанот м/ж<br>Објави во медиуми | О.Делчево КУД „Гоце Делчев“ | 2.000 | 4 мај 2025 |
| 9.Одбележување годишнина од Разловечкото востание | О.Делчево традиционално организира настан во с. Разловци со цел да се одбележизначајниот датум од предилинденскиот период и од првото вооружено востание организирано на 20 мај 1876 г од локалните жители во с. Разловци | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани<br>Доделени благодарници<br>Учесници ан планинарскиот марш м/ж<br>Објави во медиуми | О.Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, ПУ во с. Разловци<br>Културно-уметнички друшта | 10.000 | 20 мај 2025 |
| 10.Одбележување на 24 Мај-денот на сесловенските просветители св.Кирил и Методи | О.Делчево го одбележува Денот на сесловенските просветители како заштитници на градот. По тој повод се организираат низа настани од областа на културата | Бр на учесници м/ж, бр на организирани настани, објави во медиуми | О.Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, НВО | 20.000 | 24 мај |
| 11. Одбележување на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа | По повод 9Мај, Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа се организираат настани со цел одбележување на двата значајни датуми | Бр на учесници м/ж, бр на настани, организирани дебати, објави во медиуми | О.Делчево, КУД „Гоце Делчев“, НВО, СОУ „М.М.Брицо“ основни училишра | | |
| 12.Делчевско лето | Во текот на летниот период и во соработка со др.институции, бизнис-заедницата, граѓански сектор, со цел побогата културна програма во текот на лестото, О. Делчево ќе организира | Бр на учесници м/ж, бр на настани, објави во медиуми | О. Делчево, НИЦ „Н.Ј.Вапцаров“ ЈЛБ „Илинден“, бизнис-заедница, | 300.000 | Јули/септе мври 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | низа настани: целовечерни концерти, изложби, промоции и сл. | | Автори, артисти | | |
| 13. Одбележување годишнина од Илинденското востание | О.Делчево традиционално организира активности со цел достојно одбележување на годишнината од Илинденското востание. | Бр на учесници м/ж, бр на настани, објави во медиуми<br>Учесници во културно-забавниот дел во с. Ѕвегор кај манастирот „Св.Илија“ | О. Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, МЗ с. Ѕвегор Културно-уметнички друштва | 10.000 | 2 август 2025 |
| 14.Голачки фолклорни средби | Во пресрет на верскиот празник св. Пантелејмон, на врвот Чавка на планината Голак, покрај истоимениот манастир, се организира традиционалниот фолклорен фестивал „Голачки фолклорни средби“ | Бр на учесници м/ж<br>Објави во медиуми,бр на поставени штандови м/ж, | ОДелчево, НУЦК „Н.Ј.Впцаров“, културно-уметнички друштва | 70.000 | 8 август 2025 |
| 15.одбележување годишнина од ослободувањето на Делчево и Ден на независноста на РСМ | По повод одбележување на 7 Септември , Ден на ослободувањето на Делчево и 8 Септември Ден на независноста организираат низа настани:концерт, изложби, промоции и сл. | Бр на учесници м/ж,<br>Бр на настани, артисти/ки, објави во медиуми | О. Делчево, НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илинден“, училишта, детска градинка, НВО | 30.000 | 7 и 8 септември 2025 |
| 16. Делчевофест/Пијанечко-малешевска свадба | Традиционалната културна манифестација „Пијанечко-малешевска свадба“ чија цел е сочувување од заборав на свадбарските обичаи што има регионално значење и во промоција на регионот, но и сочувување на традицијата и фолклорот | Бр на учесници м/ж<br>Објави во медиуми, | О.Делчево, КУД „Гоце Делчев“ | 50.000 | Почеток на септември 2025 |
| 17. Денови на пијанечката слива | Традиционална манифестација која го слави брендот на сливата и преработките од слива., карактеристични за Пијанечкиотрегион.Традиционално Општината ги наградува највкусните специјалитети, и најдобрата сливова ракија, како и најдобро украсениот штанд. | Бр на учесници м/ж<br>Бр на наградени учесници м/ж<br>Објави во медиуми,<br>Пропаганден материјал | О.Делчево, НУЦ „Н.Ј.Вапцаров“, ЈЛБ „Илиднен“, НВО | 20.000 | Втората половина на септември 2025 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18. Ден на Востанието и Ден на борецот | По повод 11 Октомври, О Делчево оддава почит на борците од НОБ со положување свежо цвеќе пред споменикот на паднатите борци во Делчево | Бр на учесници м/ж<br>Објави во медиуми | О.Делчево, КУД „Гоце Делчев“ | 2.000 | 11 Октомври 2025 |
| 19.Одбележување на Денот на македонската револуционарна борба | По повод 23 Октомври Денот на македонската револуционарна борба, О. Делчево организира свеченост пред споменикот на Гоце Делчев | Бр на учесници м/ж<br>Бр на објави во медиуми | О. Делчево, КУД „Гоце Делчев“ | 2.000 | 23 октормври 2025 |
| 20. новогодишна програма | Новогодишна програма со концерти, детски претстави, изложби и сл., новогодишна културно-забавна програма за деца | Бр на учесници м/ж<br>Бр на настани<br>Објави во медиуми<br>Бр на поделени детски новогодишни пакетчиња | О. Делчево, училишта, детска градинка НВО, бизнис-заедница | 40.000 | Декември 2025 |
| 21. Водици | | | | 10.000 | **19 јануари** |

## VII РИЗИЦИ

Ризик е кој било настан или проблем кој може да се случи и неповолно да влијае на постигнување на стратешките цели на Програмата. Пропуштените можности се, исто така, еден вид ризик. Постојат многу различни дефиниции за ризикот, но она што е заедничкоза сите нив е: „неизвесноста и можните загуби во услови на неизвесност.“ Врз основа на веројатноста и влијанието, ризицитеможеме да гиподелиме на:
- Високи (High)
- Средни (Medium)
-Ниски (Low)

Настани кои доведуваат до појава на ризици во спроведувањето на Програмата за култура за 2025 година се:

**А) финансиски влијанија**
-недоволни средства за реализација на Програмата
-кратење на планираните средства за култура
- доколку не постои поддршка од Министерството за култура за реализација на проекти
-доколку не постои соработка со бизнис-заедницата
-доколку не постои соработка со НВО од областа на културата

**Б) надворешни влијанија**
- лоши временски услови за организација на настани на отворено
- забрана за движење во шума поради опасност од пожари што директно влијае врз организацијата на Голачките фолклорни средби
-здравствена и друг вид криза

**В) слаба понуда на настани од културата**
**-**слаба посетеност и слаб интерес кај публиката

## VIII ФИНАНСИСКИ ДЕЛ

### 4.1 Табеларен преглед на настани и финансии

| Табела 1<br>Реден бр. | Настан | Месец на одржување | Буџет во денари |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **1.** | **Свежо цвеќе за одбележување годишнини и значајни настани и за други поводи** | **Цела година** | **33.000,00** |
| **2.** | **Културно наследство –обичај под маски Сурва** | **14 јануари** | **10.000,00** |
| **3.** | **Верска традиција по повод Водици** | **19 јануари** | **10.000,00** |
| **4** | **Февруарски поход** | **Февруари** | **6.000,00 ден** |
| **5.** | **Априлијада** | **1 април** | **6.000,00** |
| **6.** | **Велигденска изложба (награди за штандови)** | **Велики четврток април/мај** | **7.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7.** | **Одбележување годишнина од Разловечко востание (превоз, ручек за гости и планинари)** | **Мај** | **10.000,00** |
| **8.** | **Одбележување на патронот Св.Кирил и Методиј (авторски хонорари за уметници)** | **24 мај** | **20.000,00** |
| **9.** | **Одбележување 2 Август – Илинден-поддршка во с. Ѕвегор** | **Август** | **10.000,00** |
| **10.** | **Делчевско лето-** | **Јули/август** | **300.000,00** |
| **11.** | **Голачки фолклорни средби** | **Август** | **70.000,00** |
| **12.** | **Одбележување на Денот на ослободување и Денот на независноста** | **Септември** | **30.000,00** |
| **13.** | **Пијанечко-малешевска свадба (подарок-ручек на сватови)** | **Септември** | **50.000,00** |
| **14.** | **Ден на пијанечката слива (награди, промотивен материјал )** | **Септември** | **20.000,00** |
| **15.** | **Новогодишна/божиќна програма** | **Декември/јануари** | **40.000,00** |
| **16.** | **Печатење плакати, покани** | **Цела година по повод** | **25.000,00** |
| **17.** | **Изложби на уметнички дела/историски изложби по повод** | **По повод 24 Мај/<br>7 Септември и сл.** | **20.000,00** |
| **18.** | **Одбележување 8 Април** | **8 Април** | **10.000,00** |
| **Вкупно** | | | **677.000,00** |
| **Табела 2** | | | |
| **Табела 2<br>Реден бр.** | **Други непредвидени расходи** | | **Буџет** |
| **1.** | **Други договорни услуги** | | **100.000,00** |
| **2.** | **Непредвидени трошоци** | | **100.000,00** |
| | **Вкупно** | | **200.000,00** |
| **табела 1+2** | **ВКУПНО** | | **877.000,00** |

**8.2 ФИНАНСИРАЊЕ на активностите по Програмата**

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Делчево предвидени за 2025 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, Министерство за култура, спонзорства и донации.

При реализацијата на Програмата ќе се гради партнерство и ќе се обезбедат средства од други извори на финансирање:

1. Министерството за култура на Република Северна Македонија;
2. Трговски друштва и јавни претпријатија;
3. Фондации;
4. Други правни и физички лица, заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;
7. Други извори.

**IX КАЛЕНДАР НА НАСТАНИ**

| Датум | Настан/манифестација | Активности | Организација |
|---|---|---|---|
| **14 јануари** | **Локален обичај под маски Сурва** | **Плакати<br>Поддршка за набавка на нови маски** | **Општина Делчево, организациски одбор во с. Ѕвегор** |
| **18 јануари** | **Верска традиција по повод Водици** | **Доделување награда на фаќачот на крстот** | **Општина Делчево<br>Делчевско-каменичка епархија** |
| **4 февруари** | **Одбележување на раѓањето на Гоце Делчево** | **Положување свежо цвеќе<br>Реферат** | **Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“** |
| **Втората половина на месец февруари** | **Одбележување годишнина од Февруарскиот поход** | **Положување свежо цвеќе<br>Реферат<br>Планинарски марш** | **Општина Делчево<br>КУД „Гоце Делчев“<br>Планинарски друштва** |
| **1 април** | **Априлијада** | **Дефиле низ улиците на Делчево<br>Настап на поединечни и групни маски<br>Обезбедување озвучување и забава на летната сцена** | **Општина Делчево<br>ООУ „Ванчо Прке“<br>ООУ „Св.Климент Охридски“<br>Детска градинка „Весели цветови“** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **8 април** | **Меѓународен ден на Ромите** | **Прием кај градоначалникот, Истакнување на ромското знаме пред Општина Делчево; Ораторска вечер/дебата Свечена програма Доделување 3 награди на најдобри ученици Роми** | **Општина Делчево, ООУ „Ванчо Прке“ ООУ „Св.Климент Охридски“ СОУ „М.М.Брицо“ НВО КХАМ** |
| **Велики четврток** | **Велигденска изложба** | **Поставување штандови; Избор на најубави велигденски декорации; Благодарници за учество; Озвучување; Програма на летната сцена** | **Општина Делчево, Детска градинка „Весели цветови“ СОУ „М.М.Брицо“ ООУ „Ванчо Прке“ ООУ „Св.Климент Охридски“ ЈЛБ Илинден НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Граѓански организации** |
| **4 мај** | **Одбележување годишнина од смртта на Гоце Делчев** | **Положување свежо цвеќе; Реферат** | **Општина Делчево; КУД „Гоце Делчев“** |
| **9 мај** | **Одбележување на Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа** | **Положување свежо цвеќе; Реферат; Активности на Советот на млади, Ученички парламенти** | **Општина Делчево; КУД „Гоце Делчев“ Совет на млади Ученички парламенти** |
| **Втора половина од месец мај** | **Одбележување годишнина од Разловечко востание** | **Положување свежо цвеќе; Културно-уметничка програма; Планинарски марш; Ручек за гости** | **Општина Делчево ПУ „Св.Климент Охридски“ во Разловци КУД „Гоце Делчев“ НУЦК „Н.Ј.Вапцаров“ Планинарски друштва** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **24 мај** | **Ден на сесловенските просветители** | **Организација на концерт;<br>Изложба<br>Промоција на книги** | **Општина Делчево<br>ЈЛБ „Илинден“<br>НУЦК„Н.Ј.Вапцаров“<br>Образовни институции** |
Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за уредување на грдаежното земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година е самата локална самоуправа Општина Делчево и тоа преку наплаќање на надоместокот за уредување на градежното земјиште со основен степен на уреденост и истата е изготвена како резултат на предвидувањата и можностите за прилив на средства кои можат да се приберат по основ уредување на градежно земјиште за 2025год, од одобрени средства од Влада на Република Северна Македонија (по огласи, конкурси, повици и др.) за 2025 година како и од домашни и странски донатори.

| Ред.бр. | Извор на средствата за финансирање | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 1. | Буџет на Општина Делчево – приходи од надоместок за уредување на градежно земјиште- комуналии и надоместок за утврдување на правен статус на бесправни објекти - легализација | 16.989.683,00 |
| 2. | Трансфер од Јавното претпријатие за државни патиштана РСМ | 3.347.032,00 |
| 3. | Проект за Поврзување на локални патишта на Министерството за транспорт (не се реализираат преку Буџетот на Општина Делчево) | 4.920.000,00 |
| 4. | Влада на РСМ преку Министерство за транспорт | 36.761.010,00 |
| 5. | Министерство за животна средина и просторно планирање (Регулација на река Габровчица) со кофинансирање од Општина Делчево | 16.302.339,00 |
| 6. | ИПА 3 МК/БГ (Регулација на река Брегалница возводно) | 18.123.250,00 |
| 7. | ИПА 3 МК/БГ (Изградба на Скејт парк) | 2.567.379,00 |
| | Вкупно: | 99.010.693,00 |
| | Вкупно преку Буџет на Општина Делчево: | **94.090.693,00** |

## 6. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Преку реализацијата на оваа Програма се овозможува остварување на погоре наведените цели и се очекуваат следниве резултати:

- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат (улица со тротоари со или без асфалт), пешачки патеки и други површини согласно ДУП;
- функционална водоводна, атмосферска и фекална канализациона мрежа; и
- функционално улично осветлување преку доизградба на мрежата и редовно одржување (посебно на темни точки низ градот и населените места) каде жителите, а посебно жените и децата би се чувствувале побезбедно.

Преку изградбата на инфраструктурите и уредувањето на градежно земјиште се обезбедуваат подобри услови за секојдневното живеење на жителите (жени и мажи) во градот и населените местапреку што се подобрува и самиот квалитетот на живот во општината.

## 7. ПРОЦЕНЕТИ РИЗИЦИ

Проценетите ризици кои (доколку е можно) со време ќе се управуваат како не би го нарушиле континуираниот тек на имплементацијата на Програмата. Ризиците кои е можно да се појават се следниве:

- Непостојаност во финансирањето (ограниченост на финансиски средства, инвестиции);
- Технички проблеми;
- Зависност од претходна изработка на ГУП, ДУП, УПВНМ, Урбанистички проекти за инфраструктура, Урбанистички проекти итн.;
- Климатски фактори (поплави, невремиња).

## 8. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Следењето на целиот процес за уредување на градежно земјиште односно мониторингот е многу важен сегмент од програмата и истиот ќе биде извршен од страна на Одделението за урбанизам, заштита на животна средина, комунални дејности и сообраќајпри Општина Делчево.

**АКЦИСКИ ПЛАН**

**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година**

| Буџетска програма и конто | 1 | **ЦЕЛ:** Целта на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на општина Делчево е делумно уредување на градежното земјиште на подрачјето на општината односно уредување со основен степен на уреденост под кој се подразбира: непречен пристап до градежната парцела од јавен пат или улица со тротоари, улично осветлување, изградба, доградба и реконструкција на водоводна и мрежа за фекална и атмосферска канализација. | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача/Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет МКД** |
| | **1.ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО** | Во текот на 2025 година ќе се врши уредување на градежното земјиште со основен степен на уредување во локалитетите наведени во точка 1 од Програмата | Јануари-Декември 2025 | Уредено градежно змејиште за изградба на објекти и уредување на јавни површини согласно потребите на жителите (жени и мажи) во општината | Сектор за урбанизам заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | 94.090.693,00 |
| | **2.ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО** | 2.1 Како подготвителни работи за уредување и опремување на градежното земјиште се сметаат следните:<br>- изработка на урбанистичко-планска и | Јануари – Декември 2025 | Обезбедена урбанистичко-планска и проектна документација, решена експропријација, обезбеден основен степен на уреденост на градежното земјиштесогласно потребите | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | Финансиските средства се содржани вовкупната сума за уредување на градежно земјиште |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ТО ЗЕМЈИШТЕ** | техничка документација предвидена со закон;<br>- решавање на имотно - правните односи со сопствениците на имотот - експропријација.<br>2.2 Расчистување на градежно земјиште ќе се врши при изградба на основна линиска инфраструктура.<br>2.3 Степенот на уредувањето на градежното земјиште ќе се врши со основен степен на уредување | | на жителите (жени и мажи) во општината | | |
| | **3.ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА ИНФРАСТРУКТУРА** | Во оваа точка 3 детално се дефинирани работите кои ќе се извршуваат по локалитети, а се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште со основен степен на уреденост | Јануари – Декември 2025 | Уредено градежно земјиште со основен степен на уреденост согласно потребите на жителите (жени и мажи) на општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | Финансиските средства се содржани во вкупната сума за уредување на градежно земјиште |
| | **4.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА** | 1.Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии); | Јануари – Декември 2025 | Обезбедени финансиски средства за реализација на програмата во интерес на потребите на | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР | 94.090.693,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **ПРОГРАМАТА** | 2.Надоместок од утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти (легализација)<br>3.Трансфери и фдинансиска поддршка од Владата (Министерства и институции)<br>4.Средства од меѓународни фондови и проекти | | граѓаните (на жените и на мажите подеднакво)во општина Делчево | Раководител на Сектор | |
| | **5.ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА** | Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште се утврдува со пресметка по локалитети за станбени и деловни објекти | Јануари – Декември 2025 | Утврдена постапка и критериум за пресметка | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| | **6.ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (КОМУНАЛИИ)** | Пресметката на трошоците за уредување на градежно земјиште (комуналии) се врши врз основа на коефициентите за пресметка согласно со Правилникот донесен од страна на Министерството за транспорт и врски | Јануари – Декември 2025 | Применети поволни коефициенти во насока на поголем интерес за изградба на индивидуални и деловни објекти, како и останати објекти согласно потребите на жителите (жани и мажи) во општината | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **7.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА** | Реализација на Програмата | Јануари – Декември 2025 | Динамиката за иврушување на Програмата директно зависи од обезбедувањето (приливот) на финансиски средства, временски услови и тн. | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |
| | **8.ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ** | Како останати активности во Програмата се дефинирани следните:<br><br>▪ Уредување на паркови и други зелени површини;<br>▪ Изградба и одржување на улично осветлување;<br>▪ Изработка на проекти за дислокација и доградба на колектор за отпадни води за град Делчево;<br>▪ Реконструкција на објекти во сопственост на Општина Делчево;<br>▪ Заштита, уредување и чистење на речни корита во општина Делчево;<br>▪ Поставување и обновување на пропусти на патишта;<br>▪ Изработка на Програма и поставување на урбана опрема во општина Делчево;<br>▪ Поставување и одржување на детски паркчиња;<br>▪ Изградба, | Јануари – Декември 2025 | Уредено градежно земјиште со основен степен на уреденост согласно потребите на жителите (жени и мажи) на општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | реконструкција, доградба и санација на нова или веќе постоечка инфраструктура на сите места каде погоре не е споменато, а се наложи потреба во тековната година. | | | | |

**Број 09-238/1**
29.01. 2025 година
Делчево

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Претседател,
Гоце Попов, с.р.

4. Врз основа на член 14 став 4 и член 60 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ” бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15,150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ” бр.174/21), Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), член 22 став 1 точка 4 и член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ” бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Делчево (Сл. гласник на Општина Делчево бр.15/2013), Советот на Општина Делчево на 43 Седницата одржана на ден 29.01.2025 ја донесе следната

## **П Р О Г Р А М А**
## **за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2025 година**

### **1.ВОВЕД**

#### **1.1 Појдовна основа на Програмата**

Со донесувањето на системските закони за локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините покрај останите добиваат и надлежност која се однесува на изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта и улици. Преку активностите дефинирани во оваа Програма се овозможува надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита. Реализацијата на оваа Програма ќе донесе системско и планско решавање на актуелните проблеми во патната инфраструктура во општина Делчево, а со тоа и одговор на барањата нажителите (жени и мажи) во општината и чекор повеќе во насока на осовременување на патната инфраструктура, подобра сообраќајна комуникација и побезбеден сообраќај за сите учесници во сообраќајот, посебно на пешаците: мажите, жените и децата, но и лицата со попреченост.

Приоритетите се одредуваат аналитички врз основа на предлозите од граѓаните на Буџетски форум, предлози од месните и урбаните заедници, граѓанскиот и бизнис сектор, достапни податоци итн. каде подеднакво се земаат предвид потребите на жените и мажите во општина Делчево.

#### **1.2 Законска основа**

Законска основа за изработката на Програмата за изградбата, реконструкцијата, рехабилитацијата, одржувањето и заштитата на општинските патишта и улиците следнава законска регулатива, како и подзаконските акти на истата:

- Член 14 и 60 од **Законот за јавните патишта**(Сл.Весник на РМ бр.бр.84/2008, 52/2009, 114/2009, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15,150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на РСМ” бр.174/21);

- **Законот за градежно земјиште** ("Службен весник на РМ" бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19);

- **Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата** („Службен весник на Република Македонија" бр.169/15, 226/15, 55/16, 11/18, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19) и **Стратегија за безбедност на патиштата и акциски план за Општина Делчево 2023-2027**;

- Член 22 и член 36 од **Законот за локална самоуправа** (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 15 од **Статутот на Општина Делчево** (Службен гласник на Општина Делчево бр.15/2013);

- **Законот за еднакви можности на жените и мажите** („Службен весник на РМ" бр.201/2015) и **Законот за изменување на законот за еднакви можности на жените и мажите** („Службен весник на РСМ" бр.53/2021) преку кој се воспоставуваат еднаквите можности на жените и мажите во областите утврдени во самиот Закон од страна на субјектите кои имаат обврска да ги воспостават, помеѓу кои и единиците на локална самоуправа.

Согласно погоре наведеното,со оваа Програма се опфатени мерки и активности со планирано финансирање, преку кои се очекуваат следните ефекти, а кои се однесуваат подеднакво на сите 13 585 жители, односно и на жените (6 779) и на мажите (6 806)во Општина Делчево:

- зголемување на должината на патната и улична мрежа со современ коловоз;
- удобност при патување, превозливост и поврзување со останатата сообраќајна мрежа (општинска или државна);
- зголемување на безбедноста во сообраќајот преку утврдување на режими на сообраќај и поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на патишата и улиците;
- подобрување на условите за движење на пешаците преку изградба, реконструкција или одржување на тротоарите и пешачките патеки;
- функционална состојба на сообраќајната инфраструктура преку периодично, редовно и интервентно одржување.

## 2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Патната инфраструктура во Општина Делчево се состои од магистрални, регионални и локални (општински) патишта, од кои приближно 57% од вкупната должина на сите патишта припаѓа на општинските. Магистралните и регионални патишта се под ингеренција на институциите и претпријатијата на национално ниво, додека за сообраќајната инфраструктура од локално значење каде припаѓаат и општинските патишта надлежноста ја имаат единиците на локална самоуправа.

Општина Делчево ја сочинуваат градот Делчево и уште 21 населено место. Голем дел од овие населени места се доста оддалечени од градот, а од коиповеќето се села од разбиен тип со одделни маала до кои се обезбедува пристап преку земјени патиштакои не се категоризирани, од што може да се заклучи дека Општината располага со долга мрежа на општински (локални) патишта преку која овие населени местасе поврзуваат со градот Делчево, но и со останатите населени места во општината.

Во изминатите години постојано се инвестира во изградба и реконструкција на локалната патна мрежа, но сепак потребни се многу повеќе средства за подобрување на состојбата на општинско ниво.

Категоризацијата на општинските патишта се врши врз основа на Одлука за утврдување на локални патишта донесена од Советот на Општината. Локалната патна мрежа на територијата на Општина Делчево е прикажана во следната табела од која може да се забележи дека на територијата на општина Делчево има 145,82 километри категоризирани општински патишта, од кои околу 52% се асфалтирани патишта (75,93).

Општинската (локална) патна мрежа во километри во 2023 година на територијата на општина Делчево изнесува:

| Општински патишта | 2023 |
|---|---|
| Асфалт | 75,93 |
| Коцка | 1,00 |
| Макадам | 4,00 |
| Земјани | 58,89 |
| Непробиен | 6,00 |
| Воцелост км | 145,82 |

Извор: Одделение за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај

Во текот на 2024 година во Општина Делчево се изградени нови улици во градот Делчево во три населби, Милково Брдо, Пролет и Шумски расадник, со вкупна должина од околу 1 км. Реализацијата на проектите е со поддршка од Министерството за транспорти врски на повикот од 2023 и кофинансирање од Општина Делчево.

Од достапните податоци за уличната мрежа во општина Делчево се врши редовно ажурирање на податоците кои се однесуваат на должината на улици во општина Делчево, при што во 2024 година должината на улици со коловоз од асфалт изнесува 54,63км, од бехатон 3,38 км и земјен 7,46км.

Во текот на 2024 година во рамки на Проектот за поврзување на локални патишта кој се спроведува преку ЕИП на Министерството за транспорт,беше изработена Контролна листа на план за управување со животната средина и социјалните аспекти при изградба на дел од улицата „Орце Николов“ во локалитетот Шумски расадник, каде градежните работи се планирани во 2025 година, во која се анализирани и обработенипотенцијалните ризици и влијанија врз локалното население (жени и мажи) со акцент на заштитата на животната средина, безбедноста во сообраќајот, пристап до семејни домувања долж улицата итн.. Документот (Контролна листа на ПУЖССА) претставува „прагматична добра практика“ и ќе помогне во оценувањето на потенцијалните влијанија врз животната средина поврзани со утврдувањето на потенцијалните можности за подобрување на животната средина и во препорачување на мерки за превенција, сведување на минимум и ублажување на неповолните еколошки и социјални влијанија каде се вклучени и влијанијатаод сообраќајот.

## 3 ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општинските патишта и улици во Општина Делчево е надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита.

Оваа Програма ги опфаќа активностите преку кои се овозможуваат погоре наведените ефекти распределени во неколку групи и тоа:

***Група А)*** Изградба, реконструкција или рехабилитација на општински патишта каде се дефинирани активностите кои се однесуваат на општинските патишта определени со Одлука од страна на Советот на Општината;
***Група Б)*** Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари каде се дефинирани активностите кои се однесуваат на улици, пешачки патеки и тротоари на подрачјето на Општината. Во оваа група Б има и подгрупа во која се дефинирани локациите за кои е потребно да биде изработена техничка документација;
***Група В )***Редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици.

- ***Група А) Изградба, реконструкција или рехабилитација на општински патишта каде се дефинирани активностите кои се однесуваат на општинските патишта определени со Одлука од страна на Советот на општината***

1. Изградба на дел од локален пат Л-7 Делчево- Косово дабје- Бигла- Турија (стар пат М-27);
2. Довршување (изградба) на крак од општински пат Л-9 кон Димовска маала, с.Драмче;
3. Реконструкција на општински пат Л-18 кон с.Нов Истевник делница Пасјак;
4. Довршување на дел од општински пат Л-13 Габрово -Звегор – Стамер – Град – Вирче – Стар Истевник;
5. Изградба на дел од општински пат Л-18 (отклон од пат Р1302 - Пасјак - Балабанци) делница Пасјак – Балабанци;
6. Тампонирање на општински пат Л-12 во с.Косово Дабје во должина од околу 0,41км;
7. Тампонирање на делница и поставување на пропусти на локален пат Л-2 делница Вратиславци (Балтачко маало) до врска со локален пат Луковица – Костиндол.

- ***Група Б) Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари каде се дефинирани активностите кои се однесуваат на улици, пешачки патеки и тротоари на подрачјето на општината. Во оваа група Б има и подгрупа во која се дефинирани активностите и финансирањето кои се потребни за да биде изработена техничка документација***

1. Изградба на улици во Централно градско подрачје (ст.ул.5, ст.ул.4, крак од ст.ул.4, ст.ул.1, пешачка патека 1; пристапна улица 1);
2. Изградба на дел од ул.„Орце Николов“ во локалитет Шумски расадник;
3. Изградба на улици во населба Басарица;
4. Изградба на улици во населба Станбена зона -СРЦ;
5. Изградба на улици во населба Пролет;
6. Реконструкција на ул.„Солунска“;
7. Реконструкција на улица „Малешевска“;
8. Реконструкцијаи доградба на мост на река Габровчица на ул.„Кеј на Ослободувањето“;
9. Реконструкција на улица „Индустриска“;
10. Изградба на дел од улица „Видое Смилевски Бато“ со потпорен ѕид;
11. Реконструкција на улица „Пере Тошев“;
12. Реконструкција на дел од улица „Велко Влаховиќ“;
13. Изградба на улица во с.Вирче;

14. Реконструкција на улици во с.Тработивиште;
15. Изградба на улица во с.Стамер;
16. Изградба на улица „Разловечка“ – лев крак;
17. Изградба на улица во с.Разловци;
18. Изградба на улица во с.Габрово;
19. Изградба на улица во с.Град;
20. Изградба на улица „Голачка“;
21. Довршување на велосипедска патка „Илин камен“;
22. Изградба на улица со краци во село Звегор;
23. Изградба на паркинг за новата Детска градинка во населба Стар расадник;
24. Реконструкција на улиците „Пиринска“, „19 Октомври“, “Пијанечка“, „Осоговска“, „Охридска“, „Загребска“, „Трст“ и „Ленинова“ во Ново Делчево;
25. Реконструкција на улица „Лика Чопова“;
26. Изградба на нов јавен паркинг во населба Стар Расадник;
27. Изградба на улица„Плачковица“ крак 1;
28. Реконструкција на ул.„Илинденска“ со скали;
29. Реконструкција на ул.„Гоце Делчев“;
30. Изградба на улица „Петрашевска“;
31. Реконструкција на улица „Кочо Рацин“;
32. Реконструкција на дел од ул.„Орце Николов“ со паркинг во лок.Ново Делчево;
33. Изградба на кружна крстосница помеѓу улиците „Скопска“, „Методи Митевски Брицо“ и „Булевар Македонија“;
34. Изградба на кружна крстосница помеѓу улиците „Методи Митевски Брицо“ и „Булевар Македонија“;
35. Изградба на кружна крстосница помеѓу улиците „Индустриска“, „Македонска“ и „Булевар Македонија“;

Забелешка: За реализација на предвидените активности од Буџетот на Општина Делчевосредствата се планирани во планирани во буџетските програми ЈД и Ј6.

- **Во оваа Програма се предвидува и изработка на техничка документација за следниве:**

- Изработка на проекти за улици, патишта, кружни крстосници, јавни паркиралишта, мостови (пешачки или моторни) и објекти на јавен пат за кои не е изработена проектна документација;
- Изработка на сообраќајни проекти за улици и патишта и организирано паркирање во општина Делчево.

| Ред.бр. | Активност | Износ (денари) | Буџетска програма |
|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на проекти | 2.950.000,00 | ЈД |
| 2. | Ревизија на основни проекти | 708.000,00 | ЈД |
| | Вкупно: | 3.658.000,00 | |

- ***Група В) Редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици.***

Во оваа Програма се предвидува редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици:

1. Зимско и интервентно одржување на улиците и патиштата согласно Планот за зимско и интервентно одржување во должина од 169.95 км;
2. Редовно одржување на улици и патишта во должина од 143.0 км;
3. Хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците и општинските патишта во општина Делчево;
4. Одржување на семафори;
5. Ископ на патни канавки на општински патишта во должина од 15 км;
6. Поставување на пристапни рампи за олеснување на движењето на пешаци, ракофати, огради и настрешници во функција на рампите или скалите, како и санација на скали;
7. Поставување и обновување на пропусти на патишта;
8. Подигање (нивелирање) на пропаднати шахти;
9. Подигнување на решетки или сливници за атмосферска вода;
10. Спуштање на рабниците со нивелација кон пешачките премини во ЦГП.

| Ред.бр. | Активност | Износ (денари) | Буџетска програма |
|---|---|---|---|
| 1. | Зимско одржување на улици и општински патишта | 354.000, 00 | Ј6 |
| 2. | Изградба на улици и патишта и редовно одржување (санација на коловоз) | 15.000.000,00 | ЈД |
| 3. | Интервентно одржување на улици и општински патишта | 354.000,00 | Ј6 |
| 4. | Поставување и одржување на сообраќајна сигнализација и опрема | 1.416.000,00 | Ј6, ЈД |
| 5. | Замена (поставување) на пешачки огради на мостови | 2.000.000,00 | ЈД, ЈН |
| 6. | Спуштање на рабниците со нивелација кон пешачките премини во ЦГП | 354.000,00 | ЈД |
| 7. | Надзор над изградба на објекти | 1.416.000,00 | ЈД |
| | Вкупно: | 20.894.000,00 | |

## 4 ФИНАНСИСКИ ИЗВОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА 2025

Финансиските средства за организација и реализација на активностите од Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во општина Делчево за 2025 година, ќе бидат финансирани, односно обезбедени од страна на:

- Буџет на Општина Делчево;
- Јавно претпријатие за државни патишта;
- Министерство за локална самоуправа преку Бирото за регионален развој;
- Влада на Република Македонија (преку Министерствата и други извори);

- Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој;
- Центар за развој на источен плански регион;
- Проекти за меѓугранична соработка;
- Надоместок за прекопување на општински патишта, улици и тротоари на подрачјето на општина Делчево;
- други приходи.

| Ред.бр. | Извор на средствата за финансирање | Износ (денари) |
|---|---|---|
| 8. | Буџет на Општина Делчево (А+Б+В) | 24.552.000,00 |
| 9. | Трансфер од Јавното претпријатие за државни патиштана РСМ | 3.347.032,00 |
| 10. | Проект за Поврзување на локални патишта на Министерството за транспорт (не се реализираат преку Буџетот на Општина Делчево) | 4.920.000,00 |
| 11. | Ромалитико – УСАИД Заедно за просперитет на заедница | 550.000,00 |
| 12. | Влада на РСМ преку Министерство за транспорт | 36.761.010,00 |
| 13. | Министерство за транспорт – Стратегија и декада на роми | 990.606,00 |
| | Вкупно: | 71.120.648,00 |
| | Преку Буџет на Општина Делчево: | 66.200.648,00 |

## 5 ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на финансиски средства во буџетот на Општината, како и обезбедените средства од домашни и странски финансиски институции.

## 6 ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Преку реализацијата на оваа Програма се овозможува остварување на погоре наведените цели и се очекуваат следниве резултати:

- Зголемување на должината на патната и улична мрежа со современ коловоз со што се овозможува удобност при патување, превозливост и поврзување со останатата сообраќајна мрежа (општинска или државна);
- Зголемување на безбедноста преку утврдување на режими на сообраќај и поставување на сообраќајна сигнализација и опрема на патишата и улиците;
- Подобрување на условите за движење на пешаците (жени и мажи) преку изградба, реконструкција или одржување на тртоарите и пешачките патеки;
- Функционална состојба на сообраќајната инфраструктура преку периодично, редовно и интервентно одржување.

## 7 ПРОЦЕНЕТИ РИЗИЦИ

Проценетите ризици кои (доколку е можно) совреме ќе се управуваат како не би го нарушиле

континуираниот тек на имплементацијата на Програмата.Ризиците кои е можно да се појават се следниве:

- Непостојаност во финансирањето (ограниченост на финансиски средства, инвестиции);
- Технички проблеми;
- Зависност од претходна изработка на ГУП, ДУП, УПВНМ, Урбанистички проекти за инфраструктура, Урбанистички проекти итн.;
- Климатски фактори (поплави, невремиња).

## 8 МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Со оглед на тоа дека мониторингот е континуиран процес на собирање и анализирање информации за да се утврди колку добро се имплементира одреден проект, програма или политика споредено со очекуваните резултати, мониторингот на оваа Програма за 2025 г. на Општина Делчево ќе се врши квартално во текот на годината од страна на Одделението за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности и сообраќај.

Со мониторингот се мери ефикасноста, искористени ресурси, активности, резултати, а извори на информација се внатрешните документи, јавно објавени документи на веб-страницата и други. Мониторингот има за цел да обезбеди редовни повратни информации и показатели за напредок или неможноста да се постигнат посакуваните резултати. Тој, генерално, подразбира собирање и анализирање на податоците во однос на процесот на имплементација, резултатите и корективните мерки кои се препорачуваат.

Евалуацијата којапретставува систематска и цела проценка за тековни и завршени проекти или програми, нивната имплементација и резултати и ја определува релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста, влијанието и одржливоста ќе се врши еднаш годишно, на крајот на имплементацијата на Програмата. При тоа согласно член 60 од Законот за јавни патишта ќе биде изработен Извештај за реализација на доделените средства кој ќе биде проследен до Јавното претпријатие за државни патишта.

**АКЦИСКИ ПЛАН**
**Оперативна, родово сензитивна буџетска програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици во Општина Делчево за 2025 година**

| Буџетска програма и конто | 1 | **ЦЕЛ:** Целта на Програмата е надградување и осовременување на постоечката сообраќајна инфраструктура, но и зачувување на нејзината употребна вредност преку редовно и интервентно одржување и заштита | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Задача/Проект** | **Активности** | **Временски период** | **Резултати/индикатори** | **Носител на активноста/ Одговорен** | **Буџет МКД** |
| | Вовед<br>Работите на изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на општински патишта и улици ги вршат општините | - Изработка на техничка документација<br>- Изградба и реконструкција<br>- Одржување и заштита на локалната патна мрежа | континуирано | - зголемување на должината на патната и улична мрежа со современ коловоз за 3%;<br>- зголемување на безбедноста во сообраќајот преку утврдување на режими на сообраќај и поставување на сообраќајна сигнализација (намален број на СН за 5%);<br>- подобрување на условите за движење на пешаците преку изградба, реконструкција или одржување на тротоарите и пешачките патеки;<br>- функционална состојба на сообраќајната инфраструктура преку периодично, редовно и интервентно одржување. | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | 71.120.648,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Група А) Изградба, реконструкција или рехабилитација на општински патишта** | 1. Изградба на дел од локален пат Л-7 Делчево-Косово дабје-Бигла- Турија (стар пат М-27);<br>2. Доврошување (изградба) на крак од општински пат Л-9 кон Димовска маала, с.Драмче;<br>3. Реконструкција на општински пат Л-18 кон с.Нов Истевник делница Пасјак;<br>4. Доврошување на дел од општински пат Л-13 Габрово -Звегор – Стамер – Град – Вирче – Стар Истевник;<br>5. Изградба на дел од општински пат Л-18 (отклон од пат Р1302 - Пасјак - Балабанци) | Јануари – Декември 2025 | Изградени и реконструирани патни правци согласно планот кои ги користат сите жители (жени и мажи) во општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | Финансиските средства за општинските патишта се содржани во сумата за изградба на улици и патишта. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | делница Пасјак – Балабанци;<br>6. Тампонирање на општински пат Л-12 во с.Косово Дабјево должина од околу 0,41км;<br>7. Тампонирање на делница и поставување на пропусти на локален пат Л-2 делница Вратиславци (Балтачко маало) до врска со локален пат Луковица – Костиндол. | | | | |
| | **Група Б)Изградба и реконструкција на улици, пешачки патеки и тротоари** | Изградба и реконструкција на улиците, пристапните и пешачки патеки, паркиралишта и крстосници наведени детално во група Б | Јануари – Декември 2025 | Изградени и реконструирани улици согласно планот кои ги користат сите жители (жени и мажи) во општина Делчево | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | 61.568.648,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Група Б) Изработка на техничка документација** | - Изработка на проекти за улици, патишта, кружни крстосници, јавни паркиралишта, мостови (пешачки или моторни) и објекти на јавен пат за кои не е изработена проектна документација;<br>- Изработка на сообраќајни проекти за улици и патишта и организирано паркирање во општина Делчево. | Јануари – Декември 2025 | Подготвена техничка документација и одобренија водејќи сметка за интересот и приоритетите на граѓаните (на жените и на мажите подеднакво) | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | 3.658.000,00 |
| | **Група В) Редовно одржување на општински патишта, зимско и интервентно одржување на патишта и улици** | 1. Зимско и интервентно одржување на улиците и патиштата согласно Планот за зимско и интервентно одржување во должина од 169.95 км;<br>2. Редовно одржување на улици и | Јануари – Декември 2025 | Подобрена, одржана и побезбеднаопштинска патна мрежа за сите жители но и посетители на општина Делчево (и жени и мажи поеднакво) | Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и ЛЕР<br><br>Раководител на Сектор | 5.894.000,00 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | патишта во должина од 143.0 км;<br>3. Хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците и општинските патишта во општина Делчево;<br>4. Одржување на семафори;<br>5. Ископ на патни канавки на општински патишта во должина од 15 км;<br>6. Поставување на пристапни рампи за олеснување на движењето на пешаци, ракофати, огради и настрешници во функција на рампите или скалите, како и санација на скали;<br>7. Поста | | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вување и обновување на пропусти на патишта;<br>8. Подигање (нивелирање) на пропаднати шахти;<br>9. Подигнување на решетки или сливници за атмосферска вода;<br>10. Спуштање на рабниците со нивелација кон пешачките премини во ЦГП. | | | | |

**Број 09-239/1**
29.01.2025 година
Делчево

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Претседател,
Гоце Попов, с.р.

5. Врз основа на член 40 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/2020, бр.111/2023 и бр.171/24)) и член 36 став 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" број 5/2002), Советот на Општина Делчево на 43 Седница одржана на ден 29.01. 2025 год. донесе:

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2025 година**

А. Урбанистички планови за град Делчево:
1. Генерален урбанистички план за град Делчево
2. Детален урбанистички план - Лесна индустрија и сервиси на м.в. ,,Стар монопол,, Делчево - дел од блок 2,6 ,урбана единица 2- со граници:

- По осовина на улица Новопроектирана (Крушевска) – североисточна страна
- По осовина на ул.Маршал Тито – југозападна страна
- По граници на КП 8761/4, КП8761/2, КП 8764, КП8766 – југоисточна страна

3,Детален урбанистички план за урбана единица2 , дел од блок 2,7 – ,, Централно градско подрачје,, со граници:

- Североисточна страна –граничи со река ,,Брегалница,,со спој со ендек
- Југоисточна страна по оската на водотек на канал
- Југозападна граница по оска на ул. М тито,, и дел од ,, Солунска,,
- Северозапад ,северозападна граница на 7561/1 , до ул М Тито ,продолжува по ул.,, ММ Брицо до река Брегалница и се по река до појдовна точка на опфат

4.Детален урбанистички план за Модул М-2 дел од населба Пролет 1 Делчево, урбана единица 1 блок 1,4 со граници:

- северозападна страна по осовина на улица бр,1
- југозападна страна по осовина на улица М М Брицо
- североисточна страна по осовина на улица бр,5 ,по осовина на пешачка патека која излегува на улица бр.2
- југоисток по осовина на улица бр. 2 до спој со пешачка улица

5. Урбанистички план вон населено место за придружни и услужни објекти на магистрален пат М5 Делчево – Македонска Каменица со граници:
североисток: дел од јужна меѓа на к.п. бр. 1136 , к.п. бр.1137 , к.п. бр.1138, к.п. бр.1130, к.п. бр.1129, к.п. бр.1128, к.п. бр.1127, западна мега на к.п. бр. 1103 и к.п. бр. 1102 до пат М5

- југ : Магистрален пат М5 (според нова категоризација А3М)

6. Измена и дополна на Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 со следниве граници:

- Североисток, од спој на осовина на ендек со осовина на улица Маршал Тито до спој со осовина на ендек (кп 8663 ) кон исток ; од спојот на осовина на улица Маршал Тито со ендек па по осовина на ендек ( кп. 8989/1) кон југ до спој со граница на Генерален урбанистички план (ГУП); од спој со граница на ГУП по западна граница на ГУП до спој со осовина на ендек на запад (кп 8663 );од спој со ендек по течение- осовина на ендек кон север до спој со осовина на улица Маршал Тито

7.Изработка на Детален урбанистички план – Сервисна зона (Исток) Урбана единица 3,дел од Блок 3.1.

8. ДУП за Индустриска зона, УЕ 1 дел од блок 1.2, локалитет Север 1 – Општина Делчево –во прекин

9. Измена и дополнување на детален урбанистички план за урбана единица 2, дел од Блок 2.2 Кожара ( кп 6017) град Делчево со следниве граници :
   - Одсевер, северозападпоменуванизКП5973/3, КП 5972/3, КП 9008, КП 5983, КП5984, КП 5985, КП 6016/2, КП 6013, КП 9009, КП 6089, КП 8978/1
   - Одјуг, југоистокпоменуванизКП 8978/1, КП 9009, КП 6042/1, аграничисоКП6042/5, КП 6041/6, КП 6023, КП 6022/1, КП 6018, КП 9008
   - ОдјугозападпоменуванизКП8978/1
   - Одисток, североистокпоменуванизКП 9008, КП 5970, КП 5971/3, КП 5973/3

10, Детален урбанистички план за УЕ 3 дел од Блок 3,6 –Стара касарна

Б. Урбанистички проекти

10 . Донесување - одобрување на Урбанистички проекти согласночлен 58 и член 63 од Законот за урбанистичко планирање

10,1Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за подземен нисконапонски кабел од КП1302/2 КО Тработивиште до ТС Обел Градба КО Град - Општина Делчево.

10,2 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ПОВРШИНСКА СОЛАРНА И ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА на КП: 960, 961, 965, 967 и 968, КО ОЧИПАЛА, ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10,3 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за некласификувана инфраструктура со намена Е3.1 – локални депонии за одлагање на неопасен отпад - депонија за комунален отпад во, Општина Делчево.

10,4Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.4183 КО Ветрен, Општина Делчево;

10,5Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.4163, КП бр.4164, КП бр.4162, КП бр.4167, КП бр.4168, КП бр.4170, КП бр.4172, КП бр.4173, КП бр.4165, КП бр.4166, КП бр.4169 и КП бр.4171 КО Ветрен, Општина Делчево;

10,6Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.4461, КП бр.4462 и КП бр.4453 КО Ветрен, Општина Делчево;

10,7Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.4826, КП бр.4815 и КП бр.4829 КО Габрово, Општина Делчево;

10,8Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.5403 и КП бр.4832 КО Габрово, Општина Делчево;

10,9Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.1739 и КП бр.1736 КО Делчево, Општина Делчево;

10,11Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.1753/1 КО Делчево, Општина Делчево;

10,12Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат КП бр.1834/4 и КП бр.1834/1 КО Делчево, Општина Делчево;

10,13Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат на КП бр. 4442 КО Ветрен - Општина Делчево.

10,14Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат на КП бр. 4416 КО Ветрен - Општина Делчево.

10,15Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат на КП бр. 2937 КО Ветрен - Општина Делчево.

10,16Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план – за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат на КП бр. 1759 и кп. бр. 1760 КО Делчево - Општина Делчево.

10,17Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план - за намена Е1.13 Површински соларни и фотоволтаични централи на опфат к.п. бр. 1298 во КО Работивиште,

10,17УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште (Е 1.13) со моќност до 1,5 MW на КП 3961, КП 3962 и КП 3963 КО Ветрен, Општина Делчево.

10,18 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КРУЖНА КРСТОСНИЦА ПОМЕЃУ УЛ. „МЕТОДИ МИТЕВСКИ БРИЦО“ И БУЛ. „МАКЕДОНИЈА“ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10,19 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КРУЖНА КРСТОСНИЦА ПОМЕЃУ УЛ. „ИНДУСТРИСКА“, УЛ. „МАКЕДОНСКА“ И БУЛ. „МАКЕДОНИЈА“ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10,20 УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ИЗГРАДБА НА КРУЖНА КРСТОСНИЦА ПОМЕЃУ УЛ. „СКОПСКА“, УЛ. „МАКЕДОНСКА“, УЛ. „МЕТОДИ МИТЕВСКИ БРИЦО“ И БУЛ. „МАКЕДОНИЈА“ ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

10,21Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8-инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на нов подземен среднонапонски 10(20) Kv вод и нова бетонско столбна трафостаница 10(20)/0.4kV/50kVA , КО Драмче и КО Бигла, Општина Делчево

10,22 Урбанистички проект за инфраструктура со намена Е1,6 Канализациски инфраструктури - изградба на фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води и намена Е1,4 Хидротехнички инфраструктури – регулација на брег на дел од коритото на водотекот во близина на пречистителната станица за отпадни води - во с.Стамер – Општина Делчево,

10,23Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање со 10 (20)кВ кабел, делница од ТС 10/0,4 кВ

Остоиќ на КП бр.2318/2 КО Делчево до столб бр 8251 3420 (влез на село Габрово) Општина Делчево.

10,24 Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.5-Инфраструктури на водоснабдувањето - водовона мрежа со цевковод за транспорт на вода , каптажа, резервоар, во туристрички локалитет Голак, КО Делчево, КО Тработивиште и КО Вирче , Општина Делчево

10,25Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 –Водови за пренос на електрична енергија - “Каблирање со 10(20)кВ кабел, делница ТС 10/0,4 кВ Ѕвегор 2–ТС 10/0,4 кВ Ѕвегор 1” Општина Делчево

10, 26 Урбанистички проект за инфраструктурна градба со намена Е1.5 – Вододни мрежи во населени места и цевководи за транспорт на вода за населено место Вирче, КО Вирче, Општина Делчево

В. Останато

11. Доврушување на постапките за проекти за инфраструктура започнати според Законот за просторно и урбанистичко планирање ( Службен весник на Република Македонија бр 19/14,44/15,19/15,31/16,163/6,64/18 и 168/18)

12.По покрената иницијатива од заинтересирани правни и физички лица можат да се донесуваатурбанистички планови опфатени во член 10 од Законот за урбанистичко планирање, во опфат на Генералниот урбанистички план, надвор од опфат катастерските општини на градот сите села во општината.

13.Донесување одлуки на Совет за утврдување на потреба од изработка,дополнување на Годишна програма, усвојување Урбанистички планови , Урбанистички проекти и друг вид Урбанистичка документација согласно Законот за урбанистичко планирање

14. Финансирањето урбанистичката документација за потребите на општината го врши Општината од средства предвидени со Буџетот на Општината Делчево додека финансирањето на урбанистичка планска-проектна документација на заинтересирани правни и физички лица ке биде на нивни трошок, согласно законската регулатива.

**Број 09-240/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов, с.р.**

6.Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМбр.05/2002, а согласно член 98, член 99 и член 100 од Зконот за водите (Службен весник на РМ бр.87/2008, 28/06, 16/07, 103/08, 17/11, 18/11, 53/11, 10/15, 147/15, 8/16, 31/16, 96/19, 21/21) Советот на Општина Делчево на 43 Седницата одржана на 29.01. 2025год.донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Елаборатот за определување на граници на заштитни зони на извориште – зафат на вода од акумулацијата Лошана за водоснабдување на општина Делчево**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за определување на граници на заштитни зони на извориште – зафат на вода од акумулацијата Лошана за водоснабдување на Општина Делчево изработен од Градежен институт Македонија АД Скопје со Тех.број ГТ-07/02/2024 од февруари 2024год.

**Член 2**

Согласно Елаборатот се утврдуваат три заштитни зони и тоа:

1.Прва(I) или потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор);

2.Втора (II) или широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување);

3. Трета (III) или пошироbefore заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување);

Сите три зони треба да бидат внесени во Просторниот План, Урбанистичките планови и геодетско-катастарска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука треба да биде основен документ за примена на одредбите од Законот за санитарна здравствена инспекција при донесување на Решенија за (санитарни) согласности на локации во овие зони.

**Член 4**

Се задолжува ЈКП „Брегалница“ од Делчево, како правен субјект кој стопанисува со колекторски системи, да врши контрола и приклучување на објектите предвидени со Урбанистичкиот план во канализационата мрежа пред нивно пуштање во употреба.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-241/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов, с.р.**

**7.** Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и 4 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМбр.05/2002, а согласно член 98, член 99 и член 100 од Зконот за водите (Службен весник на РМ бр.87/2008, 28/06, 16/07, 103/08, 17/11, 18/11, 53/11, 10/15, 147/15, 8/16, 31/16, 96/19, 21/21) Советот на Општина Делчево на 43 Седница одржана на 29.01.2025год. донесе:

**О Д Л У К А**

**За усвојување на Елаборат за определување граници на заштитни зони на бунарите во Делчево и с.Тработивиште за водоснабдување во Општина Делчево**

**Член 1**

Се усвојува Елаборатот за определување на граници на заштитни зони на бунарите во Делчево и с. Тработивиште за водоснабдување на општина Делчево изработен од Градежен институт Македонија АД Скопје со Тех.број ГТ-08/02/2024 од февруари 2024год.

**Член 2**

Согласно Елаборатот се утврдуваат три заштитни зони и тоа:

1.Прва(I) или потесна заштитна зона (зона на строг санитарен надзор);

2.Втора (II) или широка заштитна зона (зона на санитарно ограничување);

3. Трета (III) или поширока заштитна зона (зона на хигиенско-епидемиолошко следење и набљудување);

Сите три зони треба да бидат внесени во Просторниот План, Урбанистичките планови и геодетско-катастарска документација.

**Член 3**

Оваа одлука треба да биде основен документ за примена на одредбите од Законот за санитарна здравствена инспекција при донесување на Решенија за (санитарни) согласности на

локации во овие зони.

**Член 4**

Се задолжува ЈКП ,,Брегалница,, од Делчево, како правен субјект кој стопанисува со колекторски системи да врши контрола и приклучување на објектите предвидени со Урбанистичкиот план во канализационата мрежа пред нивно пуштање во употреба.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден на објавување ви Службен гласник на општина Делчево.

**Број 09-242/1** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 01.2025 година** | **Претседател,**
**Делчево** | **Гоце Попов,с.р.**

**8.** Врз основа на членот 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на Република Македонија“ бр.05/02) и член 42 од Законот за користење и располагање со стварите водржавна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен Весник на Република Македонија“ број 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ број 101/19 и 275/19), Советот на општина Делчево на 43-та Седница, одржана на ден 29.01.2025 година, ја донесе следната:

**Одлука**
**за отпис на движни ствари сопственост на Општина Делчево**

**Член 1**

Се отпишуваат од книговодствената евиденција следните движни ствари:
-три фиксни телефони со инвентарни пописни броеви 11-198; 11-205 и 11-206 од архивата на општината;
-еден Принтер HP со инвентарен пописен број 11-240 од ходникот на спратот во општинската зграда;
-еден фиксен телефон со инвентарен пописен број 11-241 од ходникот на спратот во општинската зграда;
-еден скенер Canon со инвентарен пописен број 11-242 од ходникот на спратот во општинската зграда и
-еден фрижидер Telefunken со инвентарен пописен број 11-268 од кујната во општинската зграда
поради својата дотраеност и неупотребливост, а се наведени во Извештајот за годишниот попис на основните средства и ситниот инвентар и попис на градежни објекти во сопственост на Општина Делчево за 2024 година, заведен под архивски број 08-66/1 од 14.01.2025 година.

**Член 2**

Општина Делчево определува ЈКП „Брегалница“ Делчево да изврши одлагање на движните ствари наведени во членот 1 од ова Одлука на соодветна локација.

**Член 3**

Примопредавањето на движните ствари наведени во член 2 на оваа Одлука се врши врз основа на Записник кој го потпишуваат членовите на Комисијата за вршење годишен попис за 2024 година и одговорното лице на ЈКП „Брегалница“ Делчево.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Делчево".

**Број 09-243/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**9.** Врз основа на член 26 став 6 од Законот за експропријација ("Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 131/12, 24/13, бр.27/14, 104/15, 192/15, 23/16, бр.178/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.122/21, 111/23 и 208/24), Советот на Општина Делчево, на 43-та Седница одржана на 29.01.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за резервирани средства за надомест за одземен имот**
**во Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**

**Член 1**

Советот на Општина Делчево донесува Одлука за резервирани средства за надомест за одземен имот во Буџетот на Општина Делчево за 2025 година во износ од **5.000.000 денари.**
Средствата се планирани во буџетската програма ЈД0-Изградба и реконструкција на локални патишта, улици и мостови, расходно конто 485- Вложувања и нефинансиски средства.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Делчево".

**Број 09-244/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**10.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ" бр.84/2020,202/24), Советот на Општина Делчево, на својата 43 Седница, одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2024 година**

1.Се усвојува Извештајот за реализирани активности на ЈЛБ „Илинден"-Делчево за 2024 година.
2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Број 09-245/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов, с.р.**

**11.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/2002„Сл.весник на РСМ" бр.84/2020,202/24), Советот на Општина Делчево, на својата 43.

седница, одржана на ден 29 .01.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година**

1.Се усвојува Програмата за работа на ЈЛБ „Илинден“-Делчево за 2025 година, бр.01-37/2 од 18.11.2024 година.
2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 246/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01.2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**12.** Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ” 5/2002) и член 65 став 6 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 244/19,53/24, 74/24 и 170/24 ), Советот на Општина Делчево на 43-та Седница одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Ценовникот за користење на училишната спортска сала во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Ценовникот за користење на училишната спортска сала во СОУ „М.М.Брицо“ Делчево со арх.бр.02-738/3 од 30.09.2022 година, донесен од Училишниот одбор на Средното општинско училиште Методи Митевски Брицо Делчево, на седница одржана на ден 29.09.2022 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-247/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

13. Врз основа на член 36, став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Сл.весник на РМ” 5/2002) и член 65 став 6 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19, 244/19,53/24, 74/24 и 170/24 ), Советот на Општина Делчево на 43-та Седница одржана на ден 29. 01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Правилникот за користење на училишната спортска сала при ООУ „Ванчо Прке“ Делчево**

**Член 1**

СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Правилникот за користење на училишната спортска сала при ООУ „Ванчо Прке“ Делчево со арх.бр.02-364/6 од 20.09.2024 година , донесен од Училишниот одбор на Општинското основно училиште Ванчо Прке Делчево, на седница одржана на ден 20.09.2024 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-248/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01.2025** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**14.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето мислење на Програмите за организирање на ученички екскурзии на учениците од трето,шесто и деветo одделение во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево учебна 2024/2025 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 43. Редовна седница, одржана на ден 29.01.2025 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на еднодневна екскурзија низ РСМ**
**за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на еднодневна екскурзија низ РСМ за ученици од трето одделение при ООУ „Ванчо Прке“– Делчевово учебната 2024/2025 година, бр.10-461/1 од 20.11.2024 година.
2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 09- 249/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01.2025 год.** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

15. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето мислење на Програмите за организирање на ученички ексурзии на учениците од трето, шесто и девето одделение во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево учебна 2024/2025 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 43. редовна седница, одржана на ден 29.01.2025година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на дводневна екскурзија низ РСМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на дводневна екскурзија низ РСМ за ученици од шесто одделение при ООУ „Ванчо Прке“– Делчевово учебната 2024/2025 година,бр.10-462/1 од 20.11.2024 година.
2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево.

**Број. 09-250/1** — **Совет на Општина Делчево**
**14.11.2024 год.** — **Претседател**
**делчево** — **Гоце Попов,с.р.**

**16.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето мислење на Програмите за организирање на ученички ексурзии на учениците од трето, шесто и девето одделение во ООУ „Ванчо Прке“-Делчево учебна 2024/2025 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 43. Редовна седница, одржана на ден 29.01.2025година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на тридневна научна екскурзија низ РСМ за ученици од деветто одделение при ООУ „Ванчо Прке – Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на тридневна научна екскурзија низ РСМ за ученици од деветто одделение при ООУ „Ванчо Прке“– Делчевово учебната 2024/2025 година,бр.10-463/1 од 20.11.2024 година.
2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево.

**Број 09- 251/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Гоце Попов,с.р.**

17. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр. 5/2002) и Барањето мислење на Програмите за изведување на екскурзии затрето, шесто и девето одделение наООУ „Св.Климент Охридски“-Делчевоза учебната 2024/2025 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 43. Редовна седница, одржана на ден 29.01.2025 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на еднодневна научна екскурзија за ученици од трето одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на еднодневна научна екскурзија за ученици од трето одделение во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево во учебната 2024/2025 година, бр.03-684/ од 29.11.2024 година.

2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09- 252 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 год.** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**

18. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето мислење на Програмите за изведување на екскурзии затрето, шесто и деветто одделение наООУ „Св.Климент Охридски"-Делчевоза учебната 2024/2025 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 43. Редовна седница, одржана на ден 29.01.2025 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на дводневна училишна екскурзија за ученици од шесто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на дводневна училишна екскурзија за учениците во шесто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчевово учебната 2024/2025 година, бр.03-685/1 од 29.11.2024 година.
2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 –253/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

**19.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ" бр. 5/2002) и Барањето мислење на Програмите за изведување на екскурзии затрето, шесто и деветто одделение наООУ „Св.Климент Охридски"-Делчевоза учебната 2024/2025 година,а согласно член 7 став 1 од Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта, Советот на Општина Делчево, на својата 43. Редовна седница, одржана на ден 29.01.2025 година, го дава следното

**МИСЛЕЊЕ**
**на Програмата за реализација на тридневна училишна екскурзија за ученици од деветто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчево**

1.Советот на Општина Делчево дава позитивно Мислење на Програмата за реализација на тридневна училишна екскурзија за учениците од деветто одделение во ООУ „Св.Климент Охридски"-Делчевово учебната 2024/2025 година, бр.03-686/1 од 29.11.2024 година.
2. Мислењето влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 –254 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов, с.р.**

**20.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево"15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 43. Редовна седница, одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за усвојување на Полугодишен извештај на ООУ „Свети Климент Охридски" Делчево за учебната 2024/2025**

1. Се усвојува Полугодишниот извештај за работата на ООУ „Св.Климент Охридски"Делчево за учебната 2024/2025 година, бр.03-37/1 од 21.01.2025 година;
2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Бр. 09 –255 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

21. **ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2025 ГОДИНА**

- ✓ **ВОВЕД**

Програмата за млади на Општина Делчево е направена според потребите и приоритетите на младите и претставува Програма која ги дефинира планираните активности на Локалниот младински совет на Општина Делчево. Областите кои се претставени како приоритети за решавање се добиени преку формални и неформални состаноци со Локалниот младински совет на Општината, како и Собранието на млади составени од членови предложени од повеќе организации кои делуваат на територијата на Општина Делчево.

Локалниот младински совет се состои од пет члена избрани по пат на доставени апликации на јавен повик за предлагање на кандидатите за избор на членови на ЛМС на општина Делчево. Одлуката за верификација на мандатите на членовите на ЛМС е донесена од страна на советот 31.01.2024, број 09-210/1 .

- Членови на Младински совет се:
1.Сара Ангелова – СОУ М.М.Брицо Делчево (Претседател)
2.Ана Мавродиева – Регионален центар за застапување
3. Ивана Георгиева – КУД „Гоце Делчев" Делчево
4. Марија Златковска – Ромски културен и едукативен центар „Тернипе МК" Делчево
5. Анастасија Такева – Организација ЖЕНА Делчево
- Службеник за млади: Милена Багевска
Мандатот на членовите на актуелниот младински совет на општина Делчево трае две години (2024 и 2025 година), со право на уште еден избор.

- Во фокусот на програмата се наведените стратешки области во рамките на следните планирани активности за 2025 година:

-Јакнење на капацитетите на Советот на млади
- Афирмација и унапредување на видливоста на ЛМС
-Образование и вработување
-Животна средина
-Спорт и култура
- Хуманитарна дејност

Локалниот младински совет е група која има советодавна улога во општината за прашања поврзани со младите. Нивната работа се заснова на повеќе правни акти, меѓу кои како најосновен се зема Законот за младинско учество и младински политики,кои се ослонуваат на Националната стратегија за млади 2016-2025.

Според законот претставници на ЛМС имаат право да:
-Иницираат прашања за млади од делокругот на работата на општините;
-Предлагаат точки на дневен ред на Советот на општините кои ги засегаат младите;
-Иницирааат ,учествуваат и даваат повратни информации за процесот на локална младинска стратегија и други политики;
-Вршат советодавна и застапувачка работа поврзана со законот за млади;
-Доставуваат информации до општините за прашањата кои се однесуваат на младите;

Со оваа Програма се очекува регулирање на односите помеѓу младите и сите други чинители во општеството со посебен акцент на локалната самоуправа и на Советот на општината како носители на политиките на локално ниво, како и локалната заедница и бизнис– секторот, невладини организации кои треба да ја препознаат и унапредат положбата на младите.
Изразите употребени во оваа Рпрограма го имаат следното значење:
***-Млади*** се лица на возраст од 15 до 29 години.
-***Младинска политика*** е збир на мерки и активности кои се преземаат за да се задоволат потребите на младите, со цел остварување на нивниот полн потенцијал.
- ***Младинско учество*** претставува процес кој им овозможува на младите учество и заедничко носење одлуки за политики и програми кои директно или индиректно го обликуваат животот на младите.
-***Младинска работа*** претставува организиран и системски процес на едукација и поддршка на автентичниот развој на младите со цел остварување на нивниот целокупен личен, социјален и општествен потенцијал и нивно активно вклучување во животот на зедницата.

- ✓ **Законска основа/оправданост на Програмата**

Програмата за млади на Општина Делчево за 2025 година е градена врз основа на Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.10/2020). Исто така, Програмата го консултира и Законот за еднакви можности „Сл. весник “ бр 201/15) и Стратегијата за родова еднаквост на Општина Делчево 2023/26.

- ✓ **ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА**

Оваа Програма има за цел да обезбеди:
-Креирање и спроведување политика на млади на сите нивоа преку повеќесекторски пристап поаѓајќи од потребите и интересите на младите, вклучително и различните интереси кои произлегуваат од родовата припадност;
- Учество на младите во процесите на креирање политики за млади, нивно информирање, промоција и заштита на нивните интереси, како и поттикнување на волонтерство, младински

активизам и младинска работа;
- Поттикнување личен, професионален и социјален развој на младите, како и давање поддршка и помош на локалните млади.
Градење на капацитетите преку Локалниот младински совет, како репрезентативно тело на младите на локално ниво, како и сите организации за млади или организации кои се занимаваат со решавање младински прашања ќе бидат поддржани од страна на ОпштинаДелчево.
Во оваа насока ќе овозможиме јакнење на капацитетите преку обуки, работилници, поддршка на младински иницијативи и идеи, кампови, како и другиа ктивности, преку кои младите ќе се стекнуваат со нови знаења и искуства, како и афирмација на локално, национално или меѓународно ниво.
Во текот на 2024 година приоритет број еден ни беше обезбедување простор за М*ладински центар*, оваа година се надеваме дека целта целосно ќе биде постигната и ќе отпочне постапка за опремување на центарот и негова функција.
Младинскиот центар кој ќе биде во согласност со Законот за младинско учество и политики ќе претставуваме каде ќе се организираат работилници, дебати, формални и неформални дружби на младите со цел правилно искористување на голем дел од нивното слободно време, како и други активности за личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите на локално ниво.

**<u>Стратешки области за делување</u>**

- <u>Афирмација и видливост на ЛМС</u>

Еден од приоритетните проблеми детектирано од младинските претставници е младинската (не)информираност. За таа цел претходната 2024 година доста се залагавме за информирање на популацијата да се вклучат во нашите активности и да помогнат со своето учество и подршка Делчево да биде убаво место за млади со многу можности за иднина. Општината на својата веб-страница: https://www.delcevo.gov.mk/постојано објавува голем дел од нашите активности кои ги споделуваме и на нашите профили на социјалните мрежи.
Facebook: Совет на млади Делчево, Instagram: Mladinskisovet.delcevo.
Подигање на нивото на младинска информираност во насока на зајакнување на младинската информираност и подобрување на стандардот на младите во Делчево. Советот на млади ќе работи на зголемување на достапноста до информации кои се важни и во интерес на младите во градот. Паралелно со ова и подигање на младинскиот стандард преку активности и достап до информации до сите млади.Советот на млади ќе ги следи политиките за вработување на млади и подобрување на нивната социо економска позиција.

- <u>Образование и вработување</u>

  Во оваа есенцијална област планирани се голем дел обуки за правилен избор на образование, насочување и изборна правилна кариера, изработка на CV, програми за вработување .

  - Организирање јавни кампањи и едукативни работилници со масовно учество на младите за теми од областа на болести од зависност, дескриминација, врсничко и родово базирано насилствои слично, со цел јакнење на свеста кај младите кои ќе бидат активни во борва против различни видови насилство и дескриминација.
  - <u>Цел:</u> јакнење на свеста кај младите за теми од областа на болестите од зависност, дескриминација, врсничко и родово базирано насилство и сл. Општина Делчево ќе организира и ќе им даде подршка на кампањи, едукативни работилници за младите да бидат активни ви борбата против различи видови насилство и дескриминација.

- ➢ Промоција на Законот за волонтерство
- ➢ Цел:Запознавање на младите со можностите и значењето на волонтерството.
- ➢ Промоција на мерки за вработување
- ➢ Цел: Да се запознаат младите со условите кои ги нуди државата за самовработување
- ➢ Промоција за работа од далечина(On line)
- ➢ Цел: Едукација на младите и можностите кои ги нуди можностите за работа од далечина.

- Животна средина

ЛМС во текот на годината планира да учествува во разни актвности за зачувување и подобрување на животната средина. Планираме активности за пошумување и обновување на оштетената природа од недамнешните пожари.

- Култура и спорт

Организирање на разни настани поврзани со културата на нашиот крај, промоција на културата и историјата низ приказ на фотографии и знаменитости од Делчево. Учество на базари и друг вид на манифестации кои ги организира Општина Делчево.

Разни спортски натпревари:

- ➢ Турнири во мал фудбал, кошарка, пинг – понг
- ➢ Цел:Општина Делчево ќе ги подржи спортските манифестации од локален, регионален, нацонален и меѓународен карактер кои се во интерес на развојот на спортот во општината со цел зачувување на континуитетот согласно со Правилникот на ЕПП, и согласно со Правилникот за финансиска подршка на спортски клубови.

✓ **РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА**

Активностите предвидени со оваа Програма ќе се финансираат од различни ставки во Буџетот на Општината и ќе се реализираат согласно можностите на Општина Делчево во рамки на тековните годишни програми на општината и во соработка со граѓанските невладини организации кои работат на темата –млади и кои постојано ја помагаат нашата мисија и се залагаме за релизирање на иста цел - подобар живот на младите во нашата општина.

По потреба оваа Програма ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата и Законот за младинско учество и младински политики.

✓ **ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства, Општина Делчево ќе ги помага активностите на младите:

- обезбедување стручна, техничка и други видови помош;
- учество на промотивни и протоколарни средби;
- покровителство;
- организирање дебати, кампањи, форуми, трибини и слично на теми што се од интерес на младите.

Во исто време активно ќе се работи на унапредување на соработката на сите младински организации и младинските на локално ниво, како и обезбедување позначаен институционален фокус и финансиска поддршка за млади и од државните фондови.

**Табеларен приказ на активности**

Годишната програма е во насока на остварување на поставените цели на Локалниот младински совет на Општина Делчево

**Приоритетни области:**

1. **Млади лица**

| Приоритетна Област | Активност | Очекуван резултат | Временска рамка | Вид на ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Цел 1<br>**Обезбедување опрема за канцеларија**<br><br>Правилно искористување на слободното време на младите-формални,неформалнидружби | Обезбедување потребниматеријали,<br>Опрема | Опремен и функционален младинскицентар | Јануари-февруари | Просторија, опрема, материјали, човечкиресурси<br><br>***Планирани средства***:<br>50 000ден<br>Донации |
| Цел 2<br><br>**Едукативни работилници, обуки:**<br>-Закон за младинско учество<br>-Кариерно насочување, СВ, Самовраотување | Активност 2<br><br>Едукација, насочување на младите кон правилен избор на кариера | Резултат<br><br>Правилен избор на кариера = сигурно вработување | Временска рамка<br><br>февруари-март | Вид на ресурси<br><br>Човечки ресурси, промотивенимaтеријали, обучувачи,<br><br>***Планирани средства***:<br>10 000<br>Донации |
| Цел 3<br>**Едукативни кампањизазголемувањенасвестакајмладите**<br>- БУЛИНГ,<br>- Ментално здравје | Активност 3<br><br>Интегративни Едукации/ Промотивникампањи | Резултат Зголемена Одговорност/ Намалувањенакорисницинапороцитекоигидемнатсеповеќе младите | Тековно | Промотивенимaтеријали, обучувачи, човечкиресурси<br><br>***Планирани средства***:<br>10 000 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| <u>Цел 4</u><br><br>**Култура и спорт**<br><br>Спортски денови, спортски натпревари, игри, Планинарење,<br>-Промоција на културата и историјата на нашиот град | Активност 4<br><br><br>Кампањи за зголемено учество на младите кон спортот | Резултат<br><br><br>Здрави млади, намалена тежина, стекнување хоби и здрави навики | Временска рамка<br><br><br>Тековно | Промотивни материјали, човечки ресурси-учесници, финансиски средства за награди<br>***<u>Планирани средства</u>***:<br>20 000 |
| <u>Цел5</u><br><br>**Зголемување на зелените површини**<br><br>Младински активизам за позелени општини | Активност 5<br><br><br>Пошумување | Резултат<br><br><br>Зеленапланет а= Здравживот | <br><br><br>Тековно | <br><br><br>Садници, Човечки ресурси<br><br><br>***<u>Планирани средства</u>***:<br>10 000 |
| <u>Цел 6</u><br><br>**Хуманитарна дејност**<br>-Обезбедување оброци и облека на социјално загрозени семејства | Активност 6<br><br><br><br>Денови на хуманост | Резултат<br><br><br><br>Зголемена одговорност, стекнување емпатија и хуманост кај младите | Временска рамка<br><br><br>Тековно | Вид на ресурси<br><br>Човечки ресурси, обезбедување ресурси за реализација<br>***<u>Планирани средства</u>***:<br>10 000 |
| <u>Цел 7</u><br><br>Слободни активности (неформални средби)<br><br>-дружење<br>-кино | Активност 7<br><br>Дружење на младите | Резултат<br><br>Правилно организирано слободно време | Временска рамка<br><br>2025 | Вид на ресурси<br><br>Човечки ресурси, финансиски средства<br><br>***<u>Планирани средства</u>***: |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| -забави | | | | 10 000 |

Вкупен буџет предвиден за 2025, за младинскиот совет :
**<u>120 000 денари .</u>**

- ✓ **ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

  Оваа Програма влегува на сила осмиот ден од денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 –256 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

22. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ” бр.5/2002), а во врска со член 22 од Законот за младинско учество и младински политики („Сл.Весник на РСМ“ 10/20), Правилник за стандарди за квалитет на младинските центри бр.12-923/1 од 07.04.2021 година донесен од Агенција за млади и спорт, член 22 и член 78 став 2 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на 43-та Седница одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За отстапување на користење простор во сопственост на општина Делчево за формирање на Младински центар Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука ОпштинаДелчево, отстапува на користење просторија број 1, К1 во површина од 34,11м2 лоциран во Спомен дом АСНОМ запишана во имотен лист 10444, КП 6683 сопоственост на Општина Делчево за потребите на Младинскиот центар.

Просторот кој што е предмет на оваа одлука, се отстапува за користење во период од 3 (три) години.

**Член 2**

Младинскиот центар е место каде ќе се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостостојбата на младите, развојот на личниот, социјален и професионален живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за Младинско учество и младински политики.

**Член 3**

Надоместокот на режиските трошоци (струја, вода, греење и комунална хигиена), и

интернет за функционирање на Младинскиот центар се на товар на Општина Делчево.

**Член 4**

Општина Делчево ќе распише Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи и управува со младинскиот центар.

Младинските организации или организации за млади кои ќе аплицираат за управување и раководење со Младинскиот центар се должни да поднесат:

- Годишна програма за работа;
- Годишен буџет за спроведување на предложената програма;
- Портфолио на организацијата.

**Член 5**

Општина Делчево ќе обезбеди дел од потребните средства за реализација на поднесената Програма, а останатите средства ќе ги обезбедува избраната организација од други извори.

**Член 6**

По истекот на календарската година, младинската организација или организацијата за млади е должна да достави до Советот на Општина Делчево извештај за реализираната програма и програма за наредната година.

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „ Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 –257/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

23. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.21-96/1 од 15.01.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 43. Седница, одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање бр.21-96/1 од 15.01.2025 година**

**Член 1**

Се одобрува парична помош во износ од **30.000 денари** на **Михаилова Галина** од Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоци за болнички прегледи, трошоци за болничко лекување и набавка на лекарства.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево на име **Михаилова Галина** на трансакциска сметка 300057014707663 при Комерцијална банка АД Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

**Бр. 09 –258 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

24. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа(„Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.21-55/1 од 10.01.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 43. седница, одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање бр.21-55/1 од 10.01.2025 година**

**Член 1**

Се одобрува парична помош во износ од **30.000 денари на Драги Налбатски од с.Ѕвегор**, Делчево.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоци за болнички прегледи, трошоци за болничко лекување и набавка на лекарства.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево на име Драги Налбатски на трансакциска сметка 300007046475311 Комерцијална банка АД Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 –259 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29. 01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

25. Врз основа на член 36 став 1 точка 1 Законот за локална самоуправа ( Службен весник на РМ бр.05/02) и член 22 Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево“ број 15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево на својата 43 Седница одржана на 29.01.2025 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за одобрување финансиски средства**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на општина Делчево одобрува финансиски средства во износ од **60.000,00 денари** за санација на кровната конструкција на црквата Св. Кирил и Методиј - Делчево.

Член 2

Средствата ќе се исплатат на име на Оливер Даневски од Делчево на жиро сметка 300057028801957 при Комерцијална банка Ад Скопје како лице кое е задолжено за санација на кровната конструкцијана црквата Св. Кирил и Методиј - Делчево.

Член 3

Финансиските средства ќе се обезбедат од Буџетот на општина Делчево .

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево“.

**Бр. 09 –260/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

26. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање бр.21-154/1 од 21.01.2025 година, Советот на Општина Делчево на својата 43. седница, одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање бр.21-154/1 од 21.01.2025 година**

**Член 1**

Се одобрува парична помош во износ од **30.000 денари на Масевска Еленаод Делчево**.

**Член 2**

Средствата ќе бидат наменети за покривање на трошоци за болнички прегледи, трошоци за болничко лекување и набавка на лекарства.

**Член 3**

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Делчево на име Масевска Елена на трансакциска сметка 200001625312689 при Стопанска банка АД Скопје.

**Член 4**

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 –261 /1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**29.01. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов,с.р.**

27. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/2002) и член 145 од Деловникот на Советот на Општината, а по Барање бр.09-1938 од 11.12.2024 година на Месна заедница с. Селник, Советот на Општина Делчево, на својата 43.Редовна седница, одржана на ден 29.01.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**

1.Барањето бр.09-1938/1 од 11.12.2024 година на Месна заедница с.Селник да се препрати до надлежни одделенија во Општината, Градоначалникот и Секретарот и да се изнајде начин да се

одговори позитивно.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 -262/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**29.01.2025 година** **Претседател**

**Делчево** **Гоце Попов**